# Македонски глас

Godina XV 2007.
ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ
LISTOPAD – PROSINAC
ЦЕНА 5 кн
ISSN 1333-7769
БРОЈ
52



**Горан Калоѓера: Како препознати своје и наше**

**“Лисински”: Успешен настап на националните малцинства**

**Александар Поповски: Сите спијат, никој не сонува**

**СРЕЌНА НОВА ГОДИНА И БЕРИЌЕТЕН БОЖИК**

## Дедо Мраз во Пула



МКД "Кочо Рацин" и неговото новоизбрано раководство на 29 декември 2007-та ја организираа манифестацијата "Деновите на детската радост". Дедо Мраз затоа што толку патувал дури од Лапонија, поради дефект на санките, малку си задоцни, но децата во уредениот простор зад вкусно аранжираните маси со слатки, сокови и друго, подготвени од домаќинките Драгица Слацки, Марика и Мито Златкови, Дане Спасовски и други, самоиницијативно убаво го исполнија тој термин со симпатична програма. Врвното расположение на момент го прекина силното тропање на вратата, но кога таа се отвори, радоста вистински бликна – Дедото облечен и стросан, влезе со својата бабичка и двете придружнички, па ги поздрави децата со својата гласна препознатлива насмевка и ги повика да им ги подари нештата подготвени за оваа пригода.

Програмата започна со поздравниот збор на потпретседателот Кирил Таласки, а на средбата со Дедо Мраз, настапи детската група "Ѕвездички" под водство на Татјана Проданов. На малечката Магдалена Златеска и припадна должноста и честа да го "скрши мразот" со стихотворбата "Вољети је лако", Никола Проданов ја изрецитира "Елко, елко", а неговата постара сестричка Александра се претстави со "Дедо Мраз". Свечениот бал во оваа зимска ноќ го отворија баба Зима и Дедо Мраз, танцувајќи валцер што на флејта го свиреше Маринела Златеска, а потоа децата добија богати новогодишни пакетчиња.

Р. Д.

Најмладите членови на МКД "Илинден" во својот клуб во Риека пред новогодишните празници Дедо Мраз ги израдува со подароци и колачиња. Прилика за божикното и новогодишното дарување на децата беше овогодишната последна приредба на Друштвото, а многубројните деца исполнија програма со рецитации и песнички кои беа нивен подарок за Дедо Мраз, но и за присутните мајки, татковци, баби и дедовци. И оваа година Дедо Мраз подели шеесетина поклони за децата на возраст до 9 години.

Водителот на Канцеларијата на МНМ во Риека Илија Христодулов, во име на четирите субјекти кои делуваат во Македонскиот клуб, ги поздрави најмладите и присутните родители, им посака пријатен престој во клубот и ги повика почесто да доаѓаат на дружење. Говорејќи за традиционалното дарување и за Дедо Мраз, Христодулов на крајот се заблагодари на спонзорот "Бродокомерц Нова" за хуманиот гест и подарените пакетчиња, а на децата и нивните родители и на сите сограѓани им посака пријатни, весели и среќни празници.

В. Н.

## Дедо Мраз во Сплит



По долго патување од далечните северни краеви и во МКД "Македонија" – Сплит на 29.12.2007 година стигна Дедо Мраз, малку уморен од долгиот пат и тешката торба полна со дарови. Децата и нивните родители нетрпеливо го очекуваа. И кога тој се појави на вратата со поздравот ХО-ХО-ХОО, некои од нив почнаа да плачат, а поголемите деца се собраа околу него поставувајќи му безброј прашања.

Пред да почне да ги дели даровите, Дедо Мраз ги праша децата кој беше добар минатата година на што сите одговорија во еден глас "јааас", а потоа секое дете го седна на своето колено, го праша понешто и му подари пакетче со бомбони, чоколади и играчки.

Откако ги подели пакетчињата на најмладите Македончиња, Дедо Мраз се приклучи на малата закуска, која заврши со песни и ора, а беше организирана од Советот на МНМ за Град Сплит и МКД "Македонија" од Сплит.

В. Р.Ж.

## Дедо Мраз во Риека



**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**Главна и одговорна уредничка:**
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА

**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Цветичанин
Марко Паризоски

**Редакција:**
Марко Паризоски - Загреб
Бранка Јањиќ - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Еми Лонгин - Задар
Виолета Рајиќ-Жгањер - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
Žiro račun: 2340009-1100038804

Tel./Фax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: info@zmurh.hr

За издавачот: Ангел Митревски
Печат: НОНПАРЕЛ д.о.о. Загреб

На насловната страница:
Кочо Рацин
Автор: Благоја Николовски

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

## Збор на уредничката



Драги наши читатели. Наместо уводник, во овој број на “Македонски глас” Ви ја препорачувам песната на познатиот поет Константин Симонов (1915) од Русија.

Прочитајте ја.

### ČEKAJ ME

*Čekaj me, i ja ću sigurno doći,*
*samo me čekaj dugo.*
*Čekaj me i kad žute kiše*
*noći ispune tugom.*
*Čekaj me i kad vrućine zapeku,*
*i kad mećava briše,*
*čekaj i kad druge nitko*
*ne bude čekao više.*
*Čekaj i kad pisma prestanu*
*stizati izdaleka,*
*čekaj i kad čekanje dojadi*
*svakome koji čeka.*

*Čekaj me, i ja ću sigurno doći.*
*Ne slušaj kad ti kažu*
*kako je vrijeme da zaboraviš*
*i da te nade lažu.*
*Nek povjeruju i sin i mati*
*da više ne postojim,*
*neka se tako umore čekati*
*i svi drugovi moji,*
*i gorko vino za moju dušu*
*nek piju kod ognjišta.*
*Čekaj i nemoj sjesti s njima,*
*i nemoj piti ništa.*

*Čekaj me i ja ću sigurno doći,*
*sve smrti me ubiti neće.*
*Nek rekne tko me čekao nije:*
*Taj je imao sreće!*
*Tko čekati ne zna, taj neće shvatit,*
*niti će znati drugi*
*da si me spasila ti jedina*
*čekanjem svojim dugim.*
*Nas dvoje samo znat ćemo kako*
*preživjeh vatru kletu, -*
*naprosto, ti si čekati znala*
*kao nitko na svijetu.*

## Деновите пред години

Во 1885-та година во Софија излезе првиот број на весникот “Македонски глас“, весник на македонските емигранти. Прв одговорен уредник беше Христо Томов. Весникот се залагаше за борбата против турската власт во Македонија и за примена на член 23 од Берлинскиот договор, за автономија на Македонија.

## Prof. Goran Kalogjera
# KAKO PREPOZNATI SVOJE I NAŠE

***Nedavno je u nakladništvu Zajednice Makedonaca u RH, izašla iz tiska knjiga "Prepoznavanja" prof. dr. Gorana Kalogjere, svojevrsni leksikon najznačajnijih makedonskih ličnosti koji godinama unazad, žive i rade u Hrvatskoj, svojoj drugoj domovini. Ovaj impozantan i dugotrajni trud bio je povod da napravimo intervju s autorom.***



**Kako ste došli na ideju napisati ovo obimno i značajano djelo oblikovano u knjizi "Prepoznavanja"?**

Mislim da se ideja pojavila nakon moje knjige "Poveznice makedonsko – hrvatske" u kojoj sam djelomično "izašao" izvan područja povijesti književnosti i književnosti uopće. Naime, o čemu se radi. Nakon potpisivanja Ugovora o suradnji između Sveučilišta u Rijeci i Sveučilišta u Skopju, zbog kojeg sam nešto češće boravio u skopskoj akademskoj zajednici, uočio sam velik broj hrvatskih imena i prezimena u akademskom životu skopskog Sveučilišta. Primjetio sam da se velik broj hrvatskih znanstvenika svih profila učestalo spominje u povijesti Sveučilišta "Sv. Kiril i Metodij" i to mi je postalo interesantno. Isto sam tako, otprije znao za velik broj Makedonaca koji su u Hrvatskoj ostvarili zapažene uspjehe u sferi znanosti, kulture, prosvjete i umjetnosti. To je bio razlog da sam odlučio napraviti jedno samostalno istraživanje, u želji da vidim koliki je broj tih ljudi s jedne i druge strane i tko su oni. Za neke sam naravno, znao i otprije, no istražujući to područje ostao sam fasciniran saznanjem koliki je broj Hrvata svojom željom ili po nalogu bivših vlasti, Kraljevine Jugoslavije ili socijalističke Jugoslavije, otišao u Makedoniju i ostvario vrlo zapažene akademske karijere. U tome su, koliko sam odmah uspio registrirati, prednjačili medicinari, liječnici svih profila, koji su ustvari i utemeljili Medicinski fakultet u Skopju. Jedan od takvih ljudi bio je i dr. Zdenko Križan, inače Riječanin, profesor anatomije, kome je pripala čast da otvori nastavni proces na tek utemeljenom Medicinskom fakultetu. Baš o profesoru Križanu napisao sam tekst u knjizi "Poveznice makedonsko – hrvatske", s tendencijom da razotkrijem i one druge, samozatajne, ali vrijedne ljude koji su dali veliki prinos hrvatsko – makedonskom povezivanju i prepoznavanju. Dakle, tu je bio početak rada koji sam kasnije realizirao u knjizi (uvjetno rečeno leksikonu) "Prepoznavanja".

**"Knjigu ovakve koncepcije teško je privesti kraju i reći sam sebi da je posao završen." – napisali ste u "Umjesto pogovora". Možete li nam detaljnije objasniti na što ste konkretno mislili?**

S leksikonima sam već imao određenog iskustva. Kao Korčulanin (koji se samo rodio u Dubrovniku), napisao sam knjigu "Korčulanska pera", ustvari leksikon pisaca s otoka Korčule. To mi je bilo dragocijeno iskustvo ali i spoznaja da ulazim u područje koje je nemoguće u potpunosti pokriti, pogotovo ako radite sam, a da ne govorim o svim mogućim zamkama koje ovakve vrste knjiga mogu izazvati. Zbog toga se nisam htio upustiti u rad tipičnog leksikona, već napisati jedan popularan vodič koji bi imao za cilj upozoriti na ljude s hrvatske i makedonske strane koji su dali svoj prinos povezivanju, upoznavanju i prepoznavanju jedne kulture s drugom. Odmah sam bio svjestan činjenice da su ljudi koji nas "povezuju" ljudi različitih profila, ne samo književnici, što mi je struka, već liječnici, arhitekti, ekonomisti, likovni umjetnici, muzičari, ljudi s estrade, filmski i tv redatelji, glumci itd. E, sada, upustiti se u potragu za tim ljudima unatrag par stoljeća do danas, posao je koji možete napraviti u određenim granicama, jer će se uvijek naći netko koga niste zamjetili, koga ste preskočili, o kome ništa ne znate i slično. Ova moja predviđanja su se po izdanju knjige pokazala točnima, no ne u onoj mjeri koja bi me zabrinjavala. Osim toga, tu su bila i makedonska društva u Hrvatskoj kao i hrvatska u Makedoniji, čiji je rad i neke ljude trebalo evidentirati s popratnim tekstom. Tu se javio problem odabira. Na temelju čega ih uvrstiti, po zaslugama, funkcijama, a što s onima koji su bili samo pasivni članovi? U svakom slučaju, bio je to izazov koji sam prihvatio, svjestan da će uvijek biti onih koji nisu "unutra", onih koji neće biti zadovoljni brojem posvećenih im redaka, no to je jednostavno bio posao koji mi se s kulturološkog aspekta činio važnim i ja sam ga napravio. Kako – o tome neka govore drugi, ja sam osobno zadovoljan, jer smoći snage, znanja i umijeća da registrirate sedamsto ljudi koji su od prolaska svete braće hrvatskim teritorijem do danas činili određene napore da postanemo bliskiji, da se bolje razumijemo i poštujemo, nije za potcijeniti. Umetak "Umjesto pogovora" ukazuje na jednu nepobitnu realnost, a ta je, da je jednostavno nemoguće zabilježiti sve one koji su radili na makedonsko – hrvatskim višestoljetnim prepoznavanjima. Osobno sam uvjeren da bi i nakon potencijalnog drugog ili trećeg izdanja uvijek netko ostao izostavljen, no kao što sam rekao – prvu je brazdu trebalo uzorati i ja sam to učinio, a sada neka tu livadu obrađuju i drugi. Čujem da ih već ima i to me raduje.

**Koliko dugo ste prikupljali materijale za ovu svoju knjigu?**

Mislim oko dvije godine i to je bio izuzetno zahtjevan posao, koji zahtjeva samodisplinu, strpljenje i pedantnost, dakle sve ono što ja kao osoba baš i nemam. Trebalo je isčitati brojne monografije, leksikone, spomenare, obljetničarske knjige, arhive raznih fakulteta, novine, povijesti književnosti, spomen knjige, biografije, autobiografije, radove brojnih časopisa, jednom riječju, ponekad bih izgubio i cijelu sedmicu dok bih sastavio jednu ili dvije natuknice, koje bih kasnije nadopunjavao nekim novim spoznajama ili podacima. Određenu sam pomoć imao od predsjednika makedonskih društava i kolega iz Društva hrvatsko – makedonskog prijateljstva, tako da ovdje koristim priliku da im zahvalim. Što se tiče podataka koje sam dobio od nekih predsjednika makedonskih društava u Hrvatskoj, tu je trebalo raditi selekcije, jer što učiniti s rečenicom u kojoj imate prezime ime i podatak da je član društva. Naravno da sam takve podatke trebao eliminirati. No, svjestan činjenice da će mnogi "hrvatski Makedonci" biti izostavljeni, a u želji da u ovoj knjizi evidentiram sve članove klubova i društava Makedonaca u Hrvatskoj, tražio sam od svih društava da mi pošalju popis članstva, koji sam namjeravao objaviti. Na moju veliku žalost ali i iznenađenje, takve mi je podatke mogao dati samo Hristodulov, član riječkog MKD-a "Ilinden". Dakle, da budem u potpunosti jasan, knjiga je trebala imati "Dodatak" u kome bi bili evidentirani članovi svih makedonskih društava u Hrvatskoj, što bi predstavljalo dragocijen arhivski podatak, no to je izgleda bilo neizvedivo. U razloge ne bih ulazio.

**Prije promocije knjige "Prepoznavanja" u R. Hrvatskoj, ona je najprije predstavljena u R. Makedoniji. Možete li nam reći kako je makedonska javnost primila ovo Vaše djelo?**

Knjiga je prvi put promovirana u Ohridu u listopadu 2007., prigodom simpozija Makedonsko – hrvatske književne i kulturne veze, na koji je došlo više od dvadesetak slavista iz Hrvatske, a najviše iz Rijeke. Knjigu je promovirao dr. Vasil Tocinovski, poznati makedonski književnik, esejist i povjesničar književnosti. O knjizi se potom govorilo i u MANU, uglavnom s pozitivnih aspekata, no bilo je i primjedbi da neki makedonski predstavnici nisu zastupljeni. Obzirom da sam takve primjedbe i očekivao, nisam se previše zabrinjavao jer namjeravam s makedonskim timom poraditi na dopunjenoj verziji knjige, koja bi u nekoj budućnosti trebala biti objavljena u formi klasičnog leksikona. Inače, u Skopju sam pročitao par vrlo pohvalnih recenzija, znam da se o knjizi govorilo na radiju i nacionalnoj TV, reakcije kolega su za sada više nego dobre. Teško je reći kako je makedonska javnost primila knjigu, jer ju u Makedoniji ima samo mali broj ljudi kojima sam je ja osobno poklonio. Predlažem neka se Zajednica potrudi da knjiga ide prema fakultetskim, školskim, gradskim i drugim bibliotekama u Makedoniji, pa ćemo onda imati i reakcije. U kontekstu ovog, htio bih napomenuti da bi Zajednica Makedonaca u RH određeni broj knjiga koje objavljuje o svom trošku, bile one stručne ili beletrističke prirode, trebala energičnije distribuirati prema onim centrima kojima te knjige služe, primjerice biblioteci Filozofskog fakulteta u Zagrebu, gdje postoji jedinstven primjer studija makedonskog jezika i književnosti u Hrvatskoj. Osobno bih bio vrlo sretan kada bi svaki student makedonistike na Filozofskom fakultetu u Zagrebu mogao dobiti besplatni primjerak knjige, jer će njemu ta knjiga stvarno koristiti.

**Autor ste stotinjak studija i nekoliko knjiga iz područja južnoslavenske komparatistike. Kako je jedan rođeni Dubrovčanin našao vezu sa zemljama jugoistično od Hrvatske?**

Rođeni Dubrovčanin da, ali Korčulanin, no to je u biti ista stvar. Ja sam imao tu čast, zadovoljstvo i privilegiju slušati predavanja iz makedonskog jezika i književnosti na bivšem studiju "jugoslavistike" na Filozofskom fakultetu u Zagrebu kod prof. Petra Kepeskog. S jezikom i nisam toliko briljirao, no književnost je bila čista petica. Vrlo ugodan ispit, zagrebačko poslijepodne, pomalo sparno, razgovori uglavnom o Racinu. Potom sam došao živjeti u Rijeku, i moram naglasiti da mi je posao na tek utemeljenoj makedonistici u Rijeci pronašla supruga. Kako, neka ostane tajna. Dakle, ona je Ta s kojom je sve započelo, a ja evo to odrađujem već tridesetak godina na moje veliko zadovoljstvo. Dakle, s Makedonijom me povezala supruga, potom se to pretočilo u dugogodišnje izučavanje makedonske povijesti, književnosti, jezika, kulture, da bi se onda to stečeno znanje počelo realizirati kroz knjige. Kao diplomirani kroatist i komparatist, a posebno komparatist, ja sam se posve "našao" u komparativnom izučavanju hrvatske i makedonske književnosti, jer je to odgovaralo mom poimanju istraživanja književnosti. U biti, ja sam i otišao na studij prvenstveno zbog komparativne književnosti, a na ovom mi se polju ta želja u potpunosti i realizirala i to je ono što me "drži" da se ovim poslom i dalje bavim. Jednostavno, radim ono što volim.

**I ova Vaša knjiga izdana je u nakladništvu Zajednice Makedonaca u R. Hrvatskoj. Kakva je Vaša suradnja s tom asocijacijom?**

Točno. Zajednica je tiskala više mojih knjiga i na tome joj hvala. Naši su odnosi bili uvijek korektni, surađivali smo, nikada nismo imali nesporazuma ili sukoba. No, želim istaknuti da je moje prisustvo u Zajednici vezano uz MKD "Ilinden" iz Rijeke, kojeg smatram vrlo dobro organiziranim i vođenim društvom Makedonaca, koje je izuzetno prisutno i zamjećeno u multietničkoj Rijeci. "Ilinden" ima dobre programe, skupovi su im posjećeni, ljudi su aktivni, druže se i rade, a imaju i par vrlo sposobnih čelnih ljudi, koji su i odlični operativci, poput Mihaila Davčevskog, Vlade Nasteskog i Ilije Hristodulova, izuzetno sposobnog čovjeka koji je jako mnogo učinio za promicanje kulturnih i drugih specifičnosti Makedonaca u Rijeci.

**Na kraju: tko je privatno prof. Goran Kalogjera?**

Privatnost je stvar o kojoj nerado govorim. No, mislim da sam u biti normalan obiteljski čovjek koji ima svoje dobre i recimo, manje dobre strane. Imam svoj uži krug prijatelja s kojima se rijetko družim ali do kojih držim, volim dobro pojesti i umjereno popiti, izbjegavam velika društva i druženja, više volim biti u obiteljskom krugu. Fanatik sam filmova, mogu ih pogledati pet na dan ako imam vremena, pratim uglavnom sve tiskovine, politikom se ne bavim ali se ona bavi samnom, što me ponekad iritira. Temperamentne sam naravi, ali se dobro kontroliram. Ambiciozan jesam, ali u granicama normale. Nisam tipičan Dalmatinac, premda sam po precima s mamine i tatine strane pravi Dalmatinac s pedigreom, a takvih više i nema puno; ne volim ljeta, vrućine i barke, preferiram hladovinu i dobar kafić, pušim lulu već trideset godina. Ostalo ću, ako se ne ljutite, ipak zadržati za sebe. I hvala Vam na pozornosti koju je "Makedonski glas" pokazao prema meni.

Marina Apostolovska – Вујаклија

## Промоција на книгата во Риека

На 22 ноември 2007-та, а во организација на МКД "Илинден" од Риека, во Домот на Заедницата на Италијаните, се одржа промоција на книгата "ПРЕПОЗНАВАЊА" на проф. д-р Горан Калоѓера. Пред бројните љубители на пишаниот збор промоцијата ја отвори Илија Христодулов, а уште на почетокот на претставувањето, членот на Градското поглаварство на Град Риека задолжен за култура, Божо Мимица, ги поздрави присутните и со неколку зборови му оддаде признание на авторот за големиот научен труд, со што уште повеќе ги приближи двата народа низ познатите личности кои воспоставувале врски меѓу Хрватска и Македонија.

Проф. Данијела Бачиќ-Карковиќ, прочелник на Одделот за кроатистика при Филозовскиот факултет во Риека и еден од претставувачите на книгата "Препознавања", со избрани зборови го претстави Калоѓера, инаку нејзин колега на Факултетот, нарекувајќи го голем научник со импозантна длабина кој во својата дејност подеднакво импресивно е определен кон разни интереси.

Потоа за книгата зборуваше д-р Борислав Павловски, професор на Филозовскиот факултет во Загреб, кој при својот интересен осврт кон книгата, посебно се осврна на занимливостите и интересните записи за многуте познати личности, обработени низ долгиот временски период. Павловски својот запис го нарече "Калоѓера, препознавање Другог", во кој напиша дека книгата е жанровски нетипичен лексикон, кој постмодернистички спојува фрагменти во целина, а кои создаваат развоен тек по апсолвирање на целината. Тој изрази надеж дека во следното издание ќе се најде место и за оние кои од некои причини не се препознале во оваа книга.

На крајот на промоцијата на присутните им се обрати авторот Калоѓера, кој со неколку зборови за својата книга, рече дека е нетипичен научен хобитус во историјата на книжевноста, но и таква, која е на среќа или несреќа, секогаш недовршена.

На промоцијата настапи и македонскиот состав "Боеми" од Битола, кој изведе една хрватска и две македонски народни песни.

В.Н.

# Замина ангелот Тоше Проески




**Тоше Проески** – идолот, иконата, амбасадорот на Македонија, славејот со ангелски глас и хуманист, со државни и верски почести на 17 октомври 2007 погребан е на Градските гробишта во неговото родно Крушево.

Солзите на сите кои дојдоа да се збогуваат со Тоше и беспомошните лелеци на неговите најблиски не ја омекнаа реалноста. Тоше се врати во своето Крушево – засекогаш.

Почесната армиска гарда му го предаде знамето од ковчегот на Тоше на неговиот татко Никола. Во чест на Тоше беа испукани три плотуни.

Поглаварот на МПЦ г.г. Стефан кој чиноначалствуваше на погребната церемонија, рече дека Крушево и Македонија по 1903 не биле обвиени во ваква тага.

"Тоше не научи на хуманост вредност и искреност. Тоше замина премлад во легенда, оставајќи непроценливо богатство. Пример кој треба да се следи и почитува. Ни ја остави својата песна за да не крепи кога ќе ни биде тешко", рече во прошталниот говор премиерот Никола Груевски.

"Беше допрен од Бога. Секогаш те чекав и секогаш доаѓаше. Заедно почнавме, ти кај мене заврши. Умре надежда и најголемата ѕвезда што некогаш ќе се роди во Македонија. Тој не беше уметник тој беше ремек дело, рече Весна Петрушевска во името на културните работници на Македонија.

Пред ковчегот со неговите посмртни останки претходно се поклонија претседателот Бранко Црвенковски, премиерот Никола Груевски, претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски. Со Тоше се збогуваа и членови на Владата, пратеници, претставници на дипломатскиот кор меѓу кои амбасадорката на САД Цилијан Миловановиќ, евроамбасадорот Ерван Фуере, делегации на АРМ, на политички партии...

Последна почит му оддадоа и претставници на македонската музичка сцена, соработници-композитори и естрадни имиња од соседството – Аки Ракимовски, Тони Цетински, Светлана Цеца Ражњатовиќ, Владо Георгиев... и сите за кои пееше Тоше, кој токму оваа година одбележуваше 10 години од својата плодна музичка кариера.

## Биографија на Тоше Проески

Тоше Проески е роден на 25 јануари 1981 во Крушево. Музичката кариера ја започнува со настапот на Мелфест во 1997 година. Патот кон ѕвездите му го отвораат песните "Пушти ме" (1997) и "Остани до крај" (1998). Беше претставник на Република Македонија за песна на Евровизија во 2004 година во Истанбул, Турција, и го освои 14. место со песната "Life" а vo 2004 г. беше именуван за регионален Амбасадор на добра волја на УНИЦЕФ и по тој повод ја издаде песната "За овој свет". Со песната "Чија си" во 2003 г. Тоше победи на белградскиот музички фестивал "Беовизија". Ги објави албумите "Синот Божји" (2000), "Некаде во ноќта" (2001), "Ако ме погледнеш в очи" (2003), "Ако ме погледаш у очи" – верзија на српски јазик (2003), "Ден за нас" (2004), "Дан за нас" – верзија на српски јазик (2004), "По тебе" (2005), "Пратим те" – верзија на српски јазик (2005), "Божилак" (2006), "Игри без граници" (2007) и "Игре без границе" – хрватска верзија (2007). Синглoвите од албумот "По тебе" неколку месеци се наоѓаат на највисоките места на музичките топ-листи во Хрватска, Македонија, Србија, Црна Гора, Словенија и Босна и Херцеговина. Неговото издание "Божилак" е компилација од 14 избрани традиционални македонски песни. Објавени се и ДВД-изданија на негови концерти во 2004 и 2006 година. Негови најпознати хитови се "Усни на усни", "Соба за тага", "Ако ме погледнеш в очи", "Тајно моја", "Немаш ни благодарам", "Срце није камен", "Кој ли ти гризе образи" и други.

Тоше ги привршуваше студиите на Музичката академија во Скопје и работеше на музичката кариера во светски рамки. Последниот концерт во Македонија го одржа на 5-ти октомври на Градскиот стадион во Скопје. Концертот беше хуманитарен и наменет за обнова на основните училишта во Македонија.

## Од личен агол

***Еднаш на 100 години мајка раѓа такво дете. Ангел. Таков беше Тоше Проески. Ангел, не само за мајка му, туку и за сите околу него.***

***Чест ми е што лично го познавав, со него остварив неколку интервјуа, а ме викаше "тетка Марина". Секогаш со својата насмевка на лицето, добро расположен и тогаш, кога поради роковите го будев во 10 часот за договорениот разговор, знаеше со ум и разум да одговори на секое прашање. Неколку пати му реков: "и завидувам на мајка ти што родила ваков прекрасен човек!"***

***На сите нас ни остави сјај во нашите руси коси. И засекогаш ќе живее во нашите срца и уши. Без оглед што секогаш кога ќе го слушнеме ќе ни потече некоја солза од очите.***

***Нека му е вечна слава!***

М.А.В.

"Почивај во мир сине, наш дар од Бога.
Од Господ те добивме, на Господ те даруваме.
Среќни сме што си наше дете.
Беше ангел на земјата, сега си ангел на небото."

Мајката Доминика, таткото Никола, сестрата Дора, зетот Славен и внуците Кристијан и Никола на некрологот по повод 40 дена од смртта на Тоше Проески

На 15 декември 2007 г., во организација на "Македонски пошти" во Крушево беше промовирана поштенската марка со ликот на Тоше Проески.

## Риека

### ОЖАЛОСТЕНИ ЗА ТОШЕ

Во Риека како и во многу градови во Хрватска каде почесто претстојуваше и настапуваше најталентираниот и најомилен македонски пејач Тоше Проески, веста за неговата прерана смрт мнoгумуна ги затекна во недоверба и шок. Тој кон Риека имаше големи симпатии, а и Риека му возвраќаше со иста мера. Овде Тоше на 1 јули минатата година го одржа првиот самостоен концерт во Хрватска и тоа во преполната "Дворана младости", каде заедно со многубројната публика ги пееше хитовите "Срце није камен", "Пратим те" и други. Никого од публиката не го остави рамнодушен, па и најскептичните посетители на спектаклот. Тоше во Риека пееше на 15-та годишнина од кариерата на неговиот голем пријател Тони Цетински.

Тоше во Риека беше многу често, а во новиот простор на МКД "Илинден" беше на отворањето заедно со претседателот на Р. Македонија Бранко Црвенковски. На риечаните им пееше и на дочекот на Новата 2007 година на Корзо. Но, за Тоше се слушна уште пред четири години кога на Приморското радио се вртеше неговата песна "Сонцето во твоите руси коси".

Во Македонскиот клуб во Риека по веста за трагедијата беше отворена Книга на жалост за сите оние кои посакаа да запишат по некој збор за својот љубимец, за младиот музичар, за нивниот Тоше.

"Тоше Проески го памтам како најголем амбасадор на нашата земја, како човек кој Македонија ја претставуваше со песна, но и како личност која и Град Риека, но и цела Хрватска го засака", ни рече Ивона Дуноски, претседателката на МКД "Илинден". Во клубот уште тој ден се редеа неговите обожаватели: млади, стари, деца, пензионери, мајки со деца, ученици... и така редум. Меѓу првите се запишаа Радојка Шверко, Нено Белан, Хенри Радано-

виќ, Елена Томашек, Јагода Чубриќ и многу други познати лица од градот.

В. Настески

## Загреб

### АНГЕЛОТ НА ЗЕМЈАТА СЕ ВИВНА НА НЕБОТО

По повод смртта на Тоше Проески во амбасадата на РМ во РХ беше отворена Книга на жалоста, во која многу Македонци и нивните хрватски пријатели изразија жалост и тага за “македонскиот славеј”.

“Кога душата ќе ми биде на небото, би сакал вечен дом да ми биде моето родно Крушево”, тие зборови ги изрекол Тоше, за кои знаеле и неговите родители. Тоше беше и искрен верник, во верата го виде смислот на својот живот. На вечен починок е покопан со највисоки државни почести, во македонскиот херојски град Крушево, покрај Илинденските херои, место осончено од изгрејсонце до зајдисонце, на висина од 1.230 метри, толку блиску до небото, од каде со ангелски осмев гледа на сите кои го сакаат и почитуваат.

Македонците и нивните загрепски пријатели на комеморацијата, која се одржа на 18 октомври во Новинарскиот дом, полни со тага, но и со спомени за неговата песна и младост, се простија од Тоше. На комеморацијата беа присутни Срećко Шестан, помошник министер во Министерството за култура на РХ и познатите хрватски пејачи и пријатели на Тоше: Златан Стипишиќ – Ѓибони и Тони Цетински. Марија Георгиева – Петриќ ја отвори комеморацијата, а присутните со минута молчење му оддадоа почест.

Јудита Реј Худечек, претседателка на ХМД, зборуваше за неговиот живот полн со добрина: “Žalosni smo, dogodila se tragedija, zašto je živio, ima mnogo dobroga, ali mi to ne znamo. Djeca su izgubila svoj uzor, a majke da imaju djecu kao on. Ostala je pobjeda koja govori o njegovoj dobroti s kojom je putovao i pjevao ovim prostorima. Prihvatio je suradnju i održao je koncert s “Ezerkama”. Toše nas je oplemenio, a njegove pjesme ostaće u našem sjećanju.”

Протоерејот Кирко Велински се обрати: “Тоше сите ги сакаше, на сé се радуваше а секогаш и во секоја мисла, во секој свој двиг и во сé, Тоше се потпираше на Бога... и постојано велеше: “Ако даде Господ, ако сака Господ”. На едно поставено новинарско прашање, дали во својата кариера ќе влезе во европскиот пазар, рече: “Да, ако сака Господ”.

Претседателот на Заедницата Ангел Митревски својата реч ја започна: “Никогаш до сега не сум имал потажна задача која сум морал да ја исполнам за моите Македонци и за Заедницата на Македонците во РХ, од оваа, која субината ја стави пред мене – да го кажам тоа во што ни самиот не верувам – веста дека трагично не напушти нашиот Тоше. Минатата година Тоше имаше свој концерт во Сплит, веднаш ја прифати поканата и воодушевен дојде на нашето Собрание, меѓу нас, запеја и го поведе нашето македонско оро. Беше ѕвезда, а така обично момче, горд што му припаѓа на еден мал народ, на Македонија, на која и е судено од славното Крушево да дава големи луѓе, но и предвреме трагично да ги губи. Со неговото трагично прерано заминување изгуби целиот свет, УНИЦЕФ, чиј амбасадор беше од 2004 г., а најмногу од сите нашата Македонија. Ни покажа дека треба да веруваме во Македонија, да ја сакаме и достоинствено да ја претставуваме. Неговата прерана трагична смрт не осиромаши, изгубивме великан, но неговата ѕвезда вечно ќе сјае над малата земја на југот, таму каде што сонцето вечно сјае, а тоа е нашата Македонија. Бог да го прости Тоше Проески и нека му е лесна македонската земја. Слава му.”

Неговиот хрватски пријател Тони Цетински, со кој во дует испеа неколку песни рече: “Toše je samo volio. Dragi Bog nam ga je uzeo i ljut sam. Uzor je bio mladima već sa svojih 20 godina. Gledam njegovu sliku i energiju kojom ona zrači. Njegova smrt je veliki gubitak za glazbu, za roditelje i za obične ljude.”

Стојан Руменовски, министер советник во амбасадата на РМ се опрости од Тоше и рече: “Крушево и Македонија се опростија од својот “ангелски глас” Тоше Проески. Со неизмерна почит верната публика на крушевското Гумење му го подари последниот аплауз на својот сакан. Крушево и Македонија уште од Илинден 1903-та не ги обземала таква тага. Toše je posthumno proglašen počasnim građaninom Makedonije. Sahranjen je uz najviše državne počasti, uz prisustvo cijelog državnog vrha Makedonije. U riječi ljudi koji su se poklonili velikom pjevaču bili su i njegovi prijatelji iz balkanske estrade, na tisuće obožavatelja. Umrla je najveća zvijezda koja se ikada rodila u Makedoniji. Ali, zvijezde ne umiru, već zalaze da bi se ponovno pojavile.”

М. Паризоски

### ПУЛА И ИСТРА ТАГУВААТ ПО ТОШЕ ПРОЕСКИ

По некои свои, само нему познати патишта “црниот абер” бргу патува. Така пред првите вести, остави само малку надеж (можеби не е вистина) додека официјално не беше потврдена трагичната информација. Овде во Истра и Пула често се сретнувавме со Тоше. Тука беа неговите “фанови” и оние што го сакаа, без оглед на националноста и потеклото, тој со својот став, песната и дружењето, никој не го остави рамнодушен. Во градот, во автобусот ни приоѓат нажалени, познати и непознати, млади, возрасни и постари граѓани да ни го изразат сочувството во трагедијата, па нé прашуваат за Книгата на жалост, која во македонските средини на Пула и Истра беа отворени на 16 и 17 октомври 2007 г., во која Македонците и останатите граѓани можеа да ја искажат големата тага по овој млад, голем човек, музичар, пеач, над сé патриот и промотор на Македонците, најголемата вредност на татковината од која потекнуваме, со која се гордееме и со кого се гордееше.

Книги на жалост беа отворени во Советот на МНМ за Град Пула, каде се одржа и комеморација, при што освен членовите и другите сонародници, своите чувства ги изразија и другите граѓани, како и учениците од Македонската паралелка на Основното училиште “Центар”, а некој од нив запиша: “Можеби насловите и текстовите на песните некогаш ќе ги заборавам, но на Тошета, вечно ќе се сеќавам!” Книга на жалоста беше отворена и во просториите на МКД “Кочо Рацин” каде се собраа многу членови, особено младите пејачи од групата “Ленка”, членови на фолклорната секција со својот кореограф, проф. Зико Горгијев, спортисти, сонародници и останатите граѓани. При комеморацијата овде беа евоцирани видео записи од средбите на членовите со трагично и прерано починатиот млад пејач и музиколог, па некој запиша: “Со Тошета, Македонија ми стана блиска, но сега кога тој е таму, уште ќе ми е поблиска Македонија и секако ќе дојдам на местото каде тој вечно почива!” Македонците од Пореч, Нови Град, Умаг, Врсар и другите околни места Книга на жалоста имаа отворено во Пореч. Тагата и овде беше голема, дека Тоше го имаа како свој сограѓанин и како голем промотор на Македонија во Европа и светот.

Р. Димовски

### И Осиек тагуваше за Тоше

Во просториите на Македонското културно друштво “Браќа Миладиновци” Осиек беше отворена книга на жалост за трагичното загинување на Тоше Проески. Во книгата се запишани потресни емоции заради големата загуба на уметникот, младиот човек и еден од носителите на позитивните вредности во современото друштво. Освен со зборови на тага и болка, Тоше осечани го испратија и со солзи.

Подготвила: М. А. Вујаклија



## Признанија на Советот за национални малцинства на Р. Хрватска



Загреб: Советот за националните малцинства во Р. Хрватска на 19 декември 2007 година одржа свечен прием за своите членови, при што на најзаслужните здруженија и поединци за соработка и придонес во промовирањето и развојот на културното творештво на националните малцинства на манифестациите "Културно творештво на националните малцинства во Р. Хрватска" им беа врачени пригодни признанија. Претседателот на Советот Александар Толнауер, заблагодарувајќи се на присутните претставници на националните малцинства во Р. Х., им упати желба и во идната година соработката да се движи по исто така успешна нагорна линија, а потоа им ги додели признанијата на најуспешните.

Секако, меѓу другите добитници беше и Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, а признанието го прими претседателот Ангел Митревски. Покрај останатите здруженија на националните малцинства, признанија добија и неколку поединци кои се заслужни за промовирањето и развојот на културното творештво на националните малцинства во Р. Хрватска, а тоа се редакцијата на емисијата за национални малцинства "Призма" на ХРТ и нејзините соработници, и авторката на емисијата "Агора" што се емитува на првата програма на Хрватското радио, Милана Јелачиќ.

М.А.В.

## СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА

Загреб: Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска својата 15-та седница ја одржа на 12 октомври 2007-та, а беа присутни доволен број членови за донесување правно – важечки одлуки. На почетокот се информираше за промените во МКД "Илинден" од Риека, според кои Илија Христодулов е разрешен од должноста претседател на друштвото бидејќи ја превзема должноста водител на Канцеларијата на македонското национално малцинство во Риека и ПГЖ, а за претседателка на "Илинден" е именувана Ивона Дуноски.

Потоа се распраавше според предложениот дневен ред и донесени се неколку предлози и одлуки:

- Усвоен е записникот од 14-тата седница на УО.

- Од Информаторот за активностите на друштвата за минатото тромесечие истакнати се многубројните манифестации, средби, семинари и друго. Спомнати се: прославата на "Илинден 2007" во паркот Голубињак, летниот камп – училиште на македонски јазик за деца "Рогач 2007", летниот камп "Ластовичка" во Дојран и Маврово, претставувањето на јубилејниот 50-ти број на списанието "Македонски глас" и монографијата "МКД Илинден Риека (1991-2006)", посетата на Комисијата за европски прашања при Собранието на РМ на чело со Тито Петковски, средбата со претставниците на пет национални малцинства кои избираат еден пратеник во Хрватскиот сабор и друго. На седницата се истакнати и активностите во областа на културата и верските обичаи на македонското национално малцинство во Хрватска, за што Заедницата доби благодарница од Македонската Православна Епархија за Европа со потпис од митрополитот европски г. Пимен.

- На состанокот на УО усвоен е и "Извештајот за остварената програма и потрошените средства на Заедницата за период од 1 јануари до 30 септември 2007 г.", а до крајот на оваа година треба да се реализираат: Јубилејната 10. манифестација на "Културното творештво на националните малцинства во РХ" со учество на пеачките и фолклорните секции од друштвата од Сплит и Риека, културната манифестација "Рацинов ден – Бели мугри" во Самобор и подготовки за реализација на проектот "Етнографско истражување и филм за Македонците во Хрватска".

М. П.

## ЕДНА ГОДИНА ОД МАКЕДОНСКОТО УЧИЛИШТЕ ВО ПУЛА



Во февруари 2008-та се навршува една година од воведувањето на училиштето на македонски јазик како дополнителна настава во пулското ОУ "Центар". Што се работело и колку се постигнало на тој план, беше причината за неодамнешната посета на ова за сега малечко одделение што брои над десетина ученици од различни возрасти, кои цела година ја следат наставата по македонски јазик: "Слободно можам да додадам и историјата, традицијата и културата, за децата да не останат без основните знаења за своите корени и потеклото", ни рече професорката Сашка Соломонова – Јаневска, која со секое дете работи со соодветен пристап, а истовремено децата ги поттикнува на поголем труд и залагање. Во изминатава година, како што вели Јаневска, голема помош добивала од проф. Деспина Велинска од Загреб, која зад себе има поголемо искуство во овој вид настава.

На училиштето "Центар" помагаат сите нејзини колеги и колешки колку што можат. При нашата посета со професорката Сашка ги сликавме Адем, Никол, Сара и Ѓурѓица, додека во задниот ред седат Хана и Александра. Иако се приближуваа божиќните и новогодишните празници, професорката Сашка Јаневска им подели задачи, колку да се занимаваат додека се дома, а таа потоа замина во родниот град, во својот Гостивар.

Р. Димовски

## ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МКД "ОХРИДСКИ БИСЕР"

Загреб: Македонското културно друштво "Охридски бисер" од Загреб своето изборно Собрание го одржа на 20 октомври 2007-та, а го отвори нејзиниот претседател Благој Штерјов, кој со една минута молчење ги повика присутните да оддадат почест на трагично загинатиот Тоше Проески. Членовите на Друштвото со кворум од 30 присутни членови (повеќе од 1/3-тина), со што е осигурано полноправно донесување на одлуките, едногласно го прифатија дневниот ред и ги избраа членовите на работното претседателство: Иван Андонов, Дарко Горета и Марјан Гиговски. Со едногласно јавно гласање разрешени се од должностите досегашните членови на Управниот одбор, претседателот и потпретседателот на Друштвото и членовите на Надзорниот одбор и Судот на честа.

Претседателот Благој Штерјов поднесе Извештај за активностите на Друштвото, који беше едногласно прифатен.

"Извештаите за остварената програма и потрошените средства на Друштвото за 2006-та ги образложи Елизабета Петровска, при што нагласи дека со скромни средства успешно се реализирани сите планирани програми.

Извештајот и записникот на Надзорниот одбор за извршената контрола на финансиската работа на Друштвото го поднесе Кнагина Клечина, а по расправата едногласно се усвоени сите документи.

На предлог на Кандидационата комисија и со образложение за поуспешна работа, донесена е одлука новиот Управен одбор да биде составен од девет членови, па едногласно се именувани: Весна Брлек, Дарко Горета, Даниела Јованова Иванковиќ, Горан Колески, Орце Ламбевски, Елизабета Петровска, Снежана Станзл, Благој Штерјов и Рената Фирст. Потоа по предлог на оваа комисија, едногласно се именувани Благој Штерјов за претседател и Орце Ламбевски за потпретседател на МКД "Охридски бисер". Предложени се и едногласно именувани и членовите на Надзорниот одбор Калијана Дукиќ, Кнагина Клечина и Драгана Колески, а на Судот на честа Иван Андонов, Петар Ндреца и Миле Стојановски.

М. Паризоски

## НОВ ПОЧЕТОК НА МКД "КОЧО РАЦИН" ВО ПУЛА

На свеченоста по повод 99-от роденден на Кочо Рацин, на 22 декември 2007-та во Пула, а во организација на одново регистрираното МКД "Кочо Рацин", се одржа свечена академија, која течеше во знак на заедничките желби, напори и настојувања да се надминат недоразбирањата и поделбите.

Новиот претседател на Друштвото Зоран Петровски со фамилијата замина во татковината, па од него добивме поздравна порака, а организацијата на академијата им припадна на членките Татјана Проданов, Виолета Рабасовиќ и Драгица Слацки, кои успешно ги извршија сите подготовки, за што им се заблагодари потпретседателот на Друштвото Кирил Талески, кој воедно ја водеше оваа приредба. Свечената академија на која присуствуваа претседателката на Советот на Македонско национално малцинство на Град Пула, Мирјана Дика Дужман, претседателот на МПЦО "Св. Јоаким Осоговски" Симеон Јанев и други. Како што прилега во вакква прилика, на неа присуствуваа околу 80 членови, а сите нив ги поздрави претседателката на Советот Мирјана Дика Дужман, при што изрази радост за одржувањето на академијата и очекува понатамошна ангажираност во работата, како вистински пат кон афирмацијата и успесите.

Делови од биографијата и библиографијата за Кочо Рацин во рефератот поднесе Кирил Талески, со што беше отворена оваа поетска вечер на која настапија Матеја Проданов со песната "Тутуноберачите", Драгица Слацки со песната "Ленка" и Ратко Димовски со дел од песните под наслов "На струга дуќан да имам". Како на секој роденден, во чест на славниот славеник, тортата ја пресече потпретседателот на Друштвото Кирил Талески.

Р. Димовски

## Годишно Собрание на МКД "Македонија" од Сплит

МКД "Македонија" од Сплит на 20.12.2007-та го одржа редовното годишно Собрание. По интонирањето на химните на РХ и РМ и оддавањето почест на преминатите членови, Собранието почна со извештајот на Надзорниот одбор за приходите и расходите на Друштвото, според кој 2007-та ја завршува со позитивен предзнак, не се пронајдени неправилности и финансискиот извештај беше едногласно прифатен.

Претседателот на МКД Ангел Митревски, поднесе опширен извештај за работата на Друштвото бидејќи во текот на годината континуирано работеа сите редовни активности: пејачката и играорната група, оркестарот "Македо", етно-работилницата, фото-новинарската и рецитаторската секција, а сета нивна активност беше прикажана на културните манифестации, предвидени и реализирани со годишниот план и програмата; во соработка со МПЦО "Св. Наум Охридски", организирани се верски прослави на Божик, Прочка, Велигден и Св. Наум Охридски; во февруари, претставниците на сите македонски асоцијации од Сплит положија венци на местото каде загина поранешниот претседател на РМ Борис Трајковски, а по повод третата годишнина од неговата смрт; "Призма" од ХРТ емитуваше прилог за етно-работилницата и за изработката на македонските народни носии, кои подоцна беа претставени на изложбата во рамките на "Деновите на македонската култура" во Сплит, а се носеа и на настапот на 10. манифестација на "Културното творештво на националните малцинства во РХ" во Загреб; во соработка со Кинотеката на Македонија и Кинотеката "Златна врата" од Сплит се одржаа "Деновите на македонскиот филм"; "Деновите на македонска култура" и прославата "Св. Кирил и Методиј" се одржаа од 24.–26.05.2007, при што беше отворена изложбата на ракотворби, гостуваше Театарот за деца и младинци од Скопје, се одржа Свечена академија и "Македонска ноќ"; на манифестацијата "Десетти денови на браќата Миладиновци" во Ѓаково, пејачката група и оркестарот зедоа активно учество, се гостуваше на летниот камп "Рогач 2007" на Шолта и на прославата на "Илинден", се учествуваше во фудбалската репрезентација на Заедницата на Македонците во РХ на турнирот "Корени 2007" во РМ, "Ден на државноста на РМ" во Европскиот дом во Сплит, прославата за "11. октомври", се гостуваше заедно со Театарот за младите од Сплит во Македонија и се превземаа активности околу подготовките за издавање на монографијата по повод 16-годишнината од постоењето на МКД "Македонија".

Собранието го прифати овој извештај и изрази големо задоволство со постигнатите резултати и успеси во афирмирањето на македонската култура во Сплит и РХ, благодарејќи на членството кое и покрај несоодветните услови (недостаток на простор), успеа да ги оствари планираните програми.



На крајот, претседателот Ангел Митревски на членовите кусо им го претстави Планот и програмата за 2008-та и ја истакна потребата за организирање настава на македонски јазик во соработка со Советот на МНМ за Град Сплит, што ќе биде една од приоритетните задачи во 2008 година.

Б. Р.Ж.

## БОГАТСВТО Е ДА СЕ ЖИВЕЕ ВО ЗАЕДНИШТВО

“Богатство е да се живее во заедништво” беше мото на овогодишната 11-та по ред етно-смотра “Денови на националните малцинства”, кои во Риека се одржаа на 21 и 22 септември 2007-та, со богата културно-уметничка програма и под покровителство на Град Риека. Риечкиот градоначалник Војко Оберснел со своите соработници пред почетокот на смотрата организираа средба со сите претствници на здруженијата на националните малцинства од овој град, како и со претставниците на Советите на националните малцинства.

Смотрата започна во Хрватскиот културен дом на Сушак во Риека со словачките гости, а заврши на “отворено” на риечкото Корзо, каде фолклорната група “Илинденки” од МКД “Илинден” го отвори фолклорниот концерт. “Илинденките” како и секогаш беа добро подготвени, па кај многубројната публика предизвикаа големо внимание и аплауз. Програмата со која настапија беше новокомбинираното македонско пеење од Каставско-приморско, а творец беше Ален Полиќ од Кастав, кој интересно ја преработи песната “Јовано, Јованке” и тоа една строфа на македонски јазик, а една строфа на каставско-приморско наречје. 15-минутниот фолклорен настап потоа го продолжија со неколку македонски ора.

На покана од МКД “Илинден” и организаторот, оваа година како гостинка на етно-смотрата учествуваше и д-р Родна Величкова, етно-музиколог од Институтот за фолклор “Марко Цепенков” од Скопје, која во текот на својот кус престој воспостави контакти и договори со Одделот за култура на Градот Риека, со музичкиот водител и диригент на ансамблот “Иван Матачиќ-Ронгов”, со професорот Прашељ, а посебно соработуваше со македонските фолклористи.

Во програмата на смотрата настапија и: КУД “Фрателанца”, КПД “Базовица”, ФА “Прамен-Словачка”, “Чешка беседа”, СКД “Просвета”, ФА на Унгарците, КПД на Русините и Украимците, театарот “Чаплин” на Ромите, Црногорците, Албанците, Ашколиите и Здружението на Ромите. Интересно е да се спомне дека оваа година етно-смотрата се одржуваше на неколку локации, а заврши со настапот на Бокакоторските гости со “Бокељска вечер” на Трсатската градина.

В. Настески

## ДАНИЈЕЛ РУКАВИНА ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР НА СКОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ

Скопје: Ректорот на Риечкиот универзитет Данијел Рукавина, прогласен е за почесен професор на Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. Титулата почесен професор на медицински науки од Универзитетот му ја додели на овој еминентен стручњак и научник во подрачјето на физиологија и репродуктивна имунилогија за неговиот придонес во развитокот на научно-истраживачкото и апликативното делување на Медицинскиот факултет и на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје. Истовремено, истакнат е и неговиот придонес во развитокот на предметната имунологија и во основањето на македонскиот Институт за имунологија и хумана генетика, како и интензивната соработка со Скопскиот универзитет во неговата афирмација и приспособување во систем на високото образование во Европската унија.

Пренесено од Хина

## ПОЕТСКА ВЕЧЕР

МКД “Илинден”, Советот и претставникот на МНМ, а во соработка со Хрватското литературно друштво “Освит” од Риека, на 12 декември 2007-та, организираа поетска вечер која ја водеше Ненси Чаргоња-Кошута, професорка по хрватска литература, а воедно и играорка во фолклорната група “Илинденки”. На почетокот таа рече дека оваа вечер има важен одраз кон македонското списание за литература, култура и уметност “Современост” и риечкото списание “Книжевна Риека”.

- Вечерва со изборот на просторот веќе сме воведени во “македонска атмосфера”, а намера ни е да прикажеме неколку трудови кои ги минаа границите на “Лијепа наша”, но и трудови на странските поети присутни во хрватските литературни списанија. Вечерва ќе ви ги претставам моите гости, поети и литерати: Весна Мицулиниќ – Прешњак, Јосип Еуген – Шета и Валерин Орлиќ, како и Васка Мишиќ и Ивона Дуноски, кои своите песни ќе ги читаат на македонски јазик. Истовремено се потрудивме да ви ги претставиме трудовите на четворицата гости од Македонија кои гостуваа во овогодишното списание “Книжевна Риека”, а тоа се: Васил Тоциновски, Христо Петрески, Никола Алтиев и Славчо Ковилоски”, заклучи проф. Чаргоња – Кошута.

На крајот, на големо задоволство на присутните, групата “Боеми” од Битола со неколку нумери ја надополнија програмата.

В. Н.

## Вардарки и Танец од Осиек не мируваат

Со последните три настапи на овие две активни секции, МКД “Браќа Миладиновци” ја заокружи плодната 2007 година.

Вредните членови на Вардарки и Танец предводени од нивните водители пееја и играа во Даљ, на 17 ноември, на концертот по повод месецот за борба против ракот.

Вториот хуманитарен настап, членовите го посветија на Центарот за особи со посебни потреби “Иван Штарк” во Осиек, токму на Св. Никола, на 6 декември, а во рамките на “Недела на инвалидите”. Освен веселите македонски песни и ора, во придружба на армоникашот Никола Димиќ, штитениците уживаа и во слатките и солени делиции приремени од кулинарската секција на друштвото.

Последниот настап на Вардарките, на 21 декември, ја збогати промоцијата на публикацијата “Национални малцинства во Осиек” во издание на Град Осиек. За македонското национално малцинство во Осиек, поточно за делувањето на МКД “Б. Миладиновци”, текстот го напиша проф. Благоја Јовановски. Музичкиот вовед на претставувањето на оваа единствена публикација беше припремен од хоровите на македонското, унгарското, словачкото и украинскорусинското здружение. Прекрасниот визуелен и акустичен спој беше резултиран од различните богати носии и звуците на песните “Мој Осиек” и “Химна на Европа”.

Б.Ј.



## 11. ОКТОМВРИ ВО РИЕКА





Во просториите на Македонското национално малцинство во Риека беше одбележан македнскиот државен празник 11. ОКТОМВРИ, а организатори беа македонските асоцијации од Риека – МКД "Илинден", Советот на МНМ за Град Риека и Претставникот на ПГЖ.

Програмата се одвиваше под водство на проф. Левко Цветковски, претставник на МНМ за ПГЖ, кој за оваа прилика ги потсети бројните присутни во македонскиот клуб за далечните настани во 1941-та во Македонија, но и за следните воени години до ослободувањето на Македонија, рече притоа проф. Цветковски.

Со пригодни зборови и честитки до присутните се обрати и претседателот на Советот на МНМ Давчевски, кој рече дека еве, сега овде денес, присутен е и еден од учесниците во НОБ за ослободување на Македонија, Дане Данески, кој воедно е и еден од најстарите членови на МКД "Илинден" од Риека.

Во музичкиот дел на програмата настапи пејачката група "Илинденки" под водство на Ивона Дуноски. Како гостин во музичкиот дел настапи клавијатуристот Марјан Митев од Македонија.

В. Настески

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ВИНАРИ

Опатија: Презентацијата на македонските винари од семејствата Чекарови, Пивка и Попов, на 6 декември 2007-та беше организирана во опатискиот хотел "Миленијˮ. Во рамките на регионалната Програма за воспоставување пазарни врски (ПВПВ) што се спроведува одделно во БиХ, Албанија и Македонија, со стратешка цел да се придонесе зголемувањето на развојот во руралните области, да се намали пазарниот ризик и да се олесни пласманот на земјоделските производи на домашните и странските пазари, владата на Република Италија обезбеди средства од 782.000 долари, наменети за имплементација на програмските активности и во РМ. Презентацијата беше во организација на Меѓународниот фонд за развој на земјоделието, а во соработка со италијанската влада и македонското Министерство за земјоделие, при што беше овозможено да се дегустираат белите, црните и розе вината од македонското поднебје. Винариите од неколку македонски винарски семејства досега имаат организирано презентација во Лондон, Сараево, Бања Лука, Белград и два пати во Македонија, а опатиската презенација им е седма по ред.

Златко Еделински, претставник на хотелот "Миленијˮ, на презентацијата рече дека овие квалитетни вина бараат пат на хрватскиот пазар. Во име на македонските семејни винари, претставникот на семејството Попов се заблагодари во име на винарите за големиот интерес и големата посетеност на оваа презентација и истакна дека во Македонија во последниве 5-6 години многу сериозно се посветува внимание на унапредувањето на лозарството, на новите насади и искоренувањето на дивите насади, но сепак досега македонските вина слабо се промовирани на европскиот и на светскиот пазар.

Презентацијата беше збогатена со македонски јадења што ги понуди ресторанот "Скопски меракˮ од Риека.

В. Настески

## ХРВАТСКИ И МАКЕДОНСКИ ПЕЈСАЖИ И ВЕДУТИ II

Природните убавини на Македонија и Хрватска, а во тие простори, посебно преспанскиот и охридскиот крај, Загорје и Далмација, со сета чудесна раскош и топлина, блеснаа пред посетителите со сликите на д-р Никола Гроздановски – Коле.

Во организација на "Књижнице града Загребаˮ, "Књижница и читаоница Владимир Назорˮ и под покровителство на Советот на МНМ за Град Загреб, на 29 ноември 2007-та, претставена е монографијата "Гроздановскиˮ од Јосип Палада и беше отворена изложбата на неговите платна.

Свеченоста ја отворија "Момите бисерниˮ, кои ги разгалија присутните со изведбата на македонски љубовни народни песни.

Со зборовите, оваа убавина, светло, бои и музика, директорката на "Читалната Владимир Назорˮ Ружица Циндори, ги поздрави гостите, а особено се заблагодари на авторот Никола Гроздановски и на писателот Јосип Палада што оваа културна приредба се одржува во јубилејно време – 100 г. од постоењето на библиотеката и 30 г. на читалната.

Јосип Палада ги поздрави гостите и рече:

- Ovo je retrospektiva našeg Nikole Grozdanovskog, ali ima i mnogo novih radova. Svaka slika je priča za sebe. To što se krije iza tih ljepota, je ona dramatika o vremenu koje nestaje. Prigorje, Zagorje, Dalmacija i Makedonija, to su raz-



glednice srca ljubavi i prijateljstva. Grozdanovski, liječnik renesansnog senzibiliteta, ima i drugu ljubav – likovnu umjetnost. Svaki svoj intimni trenutak artikulira bojom i kistom. Njegova monografija je izlog života, donosi nam nove slike, vizure i opsesije. Kroz nju vidimo neprekidan tok vode koja teče potocima, izvor gdje će se napiti čiste, bistre vode, gdje rastu vrtovi ljepote. To je veliko djelo i doseg kojeg je podario nama na uvid da uživamo u njegovom slikarstvu. Kao liječnik liječi tijelo, a slikarstvom dušu. Slike su pred Vama, izvolite uživajte.

М. Паризоски

## "МОМИ БИСЕРНИ" ВО ВЕЛИКА ГОРИЦА



На 17 ноември 2007-та, пејачката група "Моми бисерни" при МКД "Охридски бисер" од Загреб имаше чест да настапи на Првиот меѓународен фестивал на мали вокални состави, кој се одржа во Велика Горица. Покровители на овој фестивал беа Министерството за култура на РХ и Град Велика Горица, а во организација на КУД "Градиќи" од Градиќи. На фестивалот учествуваа културни друштва и вокални состави од Босна и Херцеговина, Италија и Словенија. Нашите "Моми бисерни" ја претставуваа Македонија, а Друштвото на перојските Црногорци "Пероj 1657" од Пероj – Истра, беше претставник на Црна Гора.

Во името на покровителот Град Велика Горица гостите ги поздрави Весна Марijетиќ, заменик на градоначалникот, а во името на Министерството за култрура на РХ поздравна реч одржа Срећко Шестан кој ги повика посетителите со аплауз да го отворат фестивалот. На манифестацијата присуствуваше и советникот на Амбасадата на Македонија во Хрватска Данчо Петровски со сопругата и неколку членови на МКД "Охридски бисер".

"Моми бисерни" под водство на Рената Фирст, облечени во народни носии, исполнија четири македонски народни песни за кои беа наградени со долготраен аплауз.

М. Паризоски

## Езерки и 7/8 настапија во Италија

На 27 октомври 2007-та, "ЕЗЕРКИ" и "7/8" настапија во театарот "Миела" во Трст. Концертот беше организиран од страна на Музичката младеж од Трст, Центарот на УНЕСКО од Париз, како и Есперанстккото друштво на Трст, под име "Културата за општество без граници" и "Култура и музика од различни земји".

Пред концертот, потпретседателката на Хрватско-македонското друштво од Загреб Јудита Худечек, одржа предавање за улогата на жената во македонската народна песна на есперанто, кое симултано го преведуваше претседателката на Есперантското друштво од Трст, Едвиге Ацкерман. Езерки, имено, се единствената женска пејачка група во Хрватска што македонските народни песни ги изведува и на есперанто, а публиката за првпат ги слушна познатите македонски песни, кои беа проследени со долготраен апалуз.

К. Шимуниќ

## ПРОСЛАВА НА 8-ми СЕПТЕМВРИ и 11-ти ОКТОМВРИ ВО ЗАГРЕБ

Загреб: Македонското културно друштво "Охридски бисер" организира свечена прослава на македонските национални празници "Денот на независноста на РМ" – 8 Септември и "Денот на антифашистичкото востание на Македонија" – 11 Октомври. Манифестацијата се одржа под покровителство на Советот за национални малцинства при Владата на РХ на 12 октомври 2007-та во ресторанот "К пивовари".

Програмата ја водеше Елизабета Петровска која ги поздрави поканетите гости: д-р Владимир Лончаревиќ, пратеник од Канцеларијата на претседателот на РХ, Грета Аугустиновиќ – Павичиќ, секретарка на загрепската градска Скупштина, Данчо Петровски, советник во Амбасадата на РМ во РХ, Ангел Митревски, претседател на Заедницата на Македонците во РХ, протоерej Кирко Велински, Стојанка Тежак и Илија Христодулов, претставници на МПЦ и МПЦО од Загреб и Риека и сите присутни.

За Денот на независноста и самостојноста на Македонија поздравна реч упати Калијана Дукиќ: "Република Македонија оваа година одбележа 16 години од спроведениот референдум кој со мнозинство и волја од 95 %, граѓаните се изјаснија за самостојна држава, што е остварено со усвојувањето на новиот Устав на 17 ноември 1991".

Рената Фирст евоцира спомени за антифашистичкото востание во Македонија, а д-р Владимир Лончаревиќ расположен се обрати на присутните: "S vama se osjećam srdačno. Želim da vi Makedonci, građani Hrvatske, sačuvate svoj identitet, običaje i kulturu. Da sačuvamo naše prijateljstvo. Zahvaljujem na pozivu, želim vam uspješan rad i sve vas srdačno pozdravljam".

Настапот на пејачката група "Моми бисерни" кои исполнија неколку македонски народни песни, ги расположи и развесели присутните, а со изборот на музика на Горан Стојковски се разлеаа звуци на македонските народни песни и ора.

М. Паризоски

## "Преку езерото" и "Чудесната земја Македонија"

Во период од една недела, на 26 септември и 11 октомври 2007-та во мултимедијалната сала на градска библиотека во Задар, прикажани се два филма од македонската кинематографија.

Долгометражниот филм "Преко езерото" предизвика големо интересирање меѓу присутните, пред сé, поради неговата тема – вистинска животна приказна доживеана во минатото. Вториот филм "Чудесната земја Македонија" реализиран како документарец, ги воодушеви гледачите со играта на артистите што настапуваат.

Овие македонски филмови беа прикажани во рамките на "Деновите на македонската култура", што ги организираше МКД "Билјана" од Задар.

На 11-ти Октомври членовите на "Билјана" се потсетија на овој значаен празник на Р. Македонија, а со неколку зборови им се обрати и претседателката Мирјана Мајиќ, која на сите прсутни им го честита овој голем празник од историјата на македонскиот народ.

Е. Л.

## Задарска Македонска вечер

На 1 декември 2007-та во ресторанот "Задар" се одржа трета по ред Македонска вечер во Задар. Околу стотина гости и членови на МКД "Билјана" се дружеа до доцна во ноќта. Гостите ги забавуваше Олга Барбир од Сплит. На радост на присутните, нон-стоп се пееше и играше. И со скромната томбола сите беа задоволни. Гости на Вечерта беа претседатолот на Дијабетското друштво од Задар, Серѓо Мичиќ, со неколку члена од друштвото, Ивка Ќориќ, претставник



на задарската Жупанија, Анита Гржан-Мартиновиќ, претставник на Градот Задар, Иво Бабиќ од “Матица Задрана” и претставници на сите национални малцинства на задарска Жупанија.

Е. Л.

## Десет години на нашите доброчинители

На 17 ноември 2007-та беше прославена 10-годишнината од формирањето на Дијабетското друштво од Задар, при што во просториите на Ј. К. “Ускок”, беа доделени многубројни плакети и благодарници. Меѓу другите, благодарница за успешна соработка доби и МКД “Билјана” од Задар.

На 23 ноември 2007-та, на предлог на МКД “Билјана” од Задар, на дијабетичарите им беше доделена наградата “Грб Града Задра”. Убаво е кога пред широк аудиториум се слушаат пофални зборови за вашето Друштво, бидејќи соработувајќи со дијабетичарите, а воедно и поради тоа што ги користиме нивните простории, нема поубава награда ни за нив, ни за нас.

Им благодариме на нашите драги пријатели за искажаната доверба.

Е. Л.

## МИТРОВДЕНСКИ ПРАЗНИЦИ И АЈВАР ФЕСТ

Хрватско-македонското друштво на пријателство од Загреб, на 8 ноември 2007-та, во просториите на Еврејската општина, организира прослава на христијанскиот празник Митровден, забавно музичко дружење и гастрономски “АЈВАР ФЕСТ”. Реализацијата ја овозможи Министерството за надворешни работи и европски интеграции на РХ. “Влезница” беше тегличка со ајвар, пинџур или лутеница. На средбата, покрај многубројните хрватски пријатели, гостуваше и Домагој Ливљаниќ од Управата за хрватски малцинства на иселеништво.

Претседателката на ХМД Јудита Реј Худечек упати благодарност на Еврејската општина, а на гостите им посака добредојде и ги потсети на овој македонски празник. Според древните македонски етнолошко-фолклорни обичаи, на Митровден завршуваат летните полски работи, започнува есента и се навестува зимата. Според традицијата, се подготвува зимница, а од богатството на есенските плодови, на Митровден, на овчарите и полските работници им се исплатува заработувачката. Започнува зимскиот период со одмор и дружење. Во рамките на манифестацијата “Ајвар фест”, организирана е изложба на македонски традиционални јадења.

Оваа средба има карактер на меѓународно дружење, па пристигнаа честитки од други малцински заедници. Истовремено беше прославен 14-от роденден на ХМД.

Во музичкиот дел на програмата распеаните “Езерки” и музичкиот ансамбл “7/8”, под водство на Бруно Урлиќ, исполнија неколку македонски народни песни и ора на задоволство на посетителите. По желба на хрватските пријатели испеана е и песната “Јовано, Јованке”.



Изборот за најдобар и највкусен ајвар, пинџур и лутеница го изврши стручната жири комисија, па првото место за подготвен ајвар го освои Анка Рабузин и доби уметничка слика; во категоријата пинџур, прво место и награда – книга доби Лена Ѓапиќ, а за подготвена лутеница прво место и книга освои Јудита Реј Худечек.

М. Паризоски

### *Ајварот ќе биде брендиран како МАК производ*

Членовите на Владата на РМ ја прифатија информацијата ајварот да биде заштитен македонски производ. Министерот за земјоделство Ацо Спасеновски, рече дека брендирањето се очекува во март, а потоа и меѓународен сертификат во земјите каде што ајварот се извезува.

МИА

## Монографија за Стјепан Верковиќ

Угледниот историчар д-р Љубиша Доклестиќ (1929-2005) не доживеа да го здогледа своето животно дело, монографијата за Стјепан Верковиќ (1821-1894) објавена во целина како студија, бидејќи почина во 2005-та. Меѓутоа, благодарение на неговите студенти, асистенти и соработници оваа монографија неодамна беше промовирана во Матицата Хрватска (24 октомври 2007) во издание на “Средна Европа” д.о.о. и во соработка со Одделнието за историја на Матицата Хрватска.

Д-р Љубиша Доклестиќ и е мошне добро познат на хрватската и македонската стручна и научна јавност со своите бројни мошне издржани студии и стручни расправи од областа на хрватско-македонските и српско-македонските односи и релации од 19 век и првата половина на 20 век. Меѓу другото, автор е на хронолошкиот преглед на историјата на Македонија и македонскиот народ, објавена 1964 во Загреб (“Школска книга”) “Кроз повијест Македоније”, потоа на обемното историско-документаристичко дело “Српско-македонските односи во 19-от век”, како и други стручни расправи, но еден е од ретките кои долги години го истражувал животот и делото на бизарниот истражувач и патеписец, собирач на старословенски артефакти и икони низ Македонија, антиквар и развргнат католик-фрањевец, Стјепан Верковиќ, кој умира во Софија 1894 како православен Хрват.

Монографијата ја промовираше д-р Жељко Хољевац, а за животот и делото на овој контроверзен дух и неуморен истражувач-авантурист зборуваа д-р Мира Колар–Димитријевиќ и проф. д-р Дамир Агичиќ укажувајќи на неговиот оригинален збунувачки опус и оставштина која се наоѓа во Архивот на ХАЗУ (Хрватската Академија на науките и уметностите во Загреб).



Животот и делото на Стјепан Верковиќ во македонската историографија и историја на литературата, неговиот придонес и заблуди околу прашањето кои се и што се Македонците и нивната писменост и култура, ги истражувале проф. д-р Харалампие Поленаковиќ, д-р Гане Тодоровски, д-р Томе Саздов и други, особено во контекстот на нерговите врски со браќата Миладинови, со македонските преродбеници, со Кукушани и Серчани, на релациите Македонија, Бугарија, Србија и Русија.

Монографијата за Верковиќ, од работилницата на д-р Љубиша Доклестиќ сосем сигурно претставува уште еден негов незаобиколив придонес во истражувањето и разјаснувањето на "слепите улици" и светли точки во балканскиот галиматијас, а посебно во хрватско-македонските допири и врски. Како надворешен член на МАНУ (Македонската Академија на науките и Уметностите) д-р Доклестиќ "пост мортем" и на овој начин дал уште еден оригинален и значаен придонес кон историските сознанија меѓу двата народа.

Редакција на "Македонски глас"

## Osam nacionalnih manjina predstavilo se u Bjelovaru



Češka obec Bjelovar, 1. prosinca 2007. prvi je put organizirala Večer nacionalnih manjina. U Domu kulture u Bjelovaru svojim su se kulturno-umjetničkim programom predstavili Česi, Albanci, Bošnjaci, Mađari, Makedonci, Romi, Srbi i Ukrajinci.

Prije početka manifestacije, u maloj je gradskoj vijećnici predstavnike diplomatskog zbora država čije su manjine sudjelovale u programu i predstavnike nacionalnih manjina te Jadranku Kosor, potpredsjednicu Vlade RH, primila gradonačalnica Bjelovara Đurđa Adlešić, a u kraćem je razgovoru istakla dobru suradnju s manjinama.

Razumijevanje za njihovo kulturno stvaralaštvo iskazuje i Vlada RH, koja povećava iznose za financiranje kulturnih i drugih programa nacionalnih manjina. Samo za programe Roma tijekom ove četiri godine povećana su sredstva za oko 500 posto.

Makedonsku nacionalnu manjinu u Bjelovaru predstavljalo je KUD "Krste Misirkov" iz Zagreba.

"Jutarnji list"

## МАКЕДОНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР ВО РИЕКА

И оваа година една од планираните културни активности на МКД "Илинден" од Риека беше организирњето на Македонска музичка вечер, со цел да се соберат неговите членови и да им се овозможи да се провеселат, заиграат, и со звуците на македонската музика, барем во мислите се вратат во својата матична татковина. Таа се одржа на 1 декември 2007-та во хотелот "Palace-Bellevue" во Опатија. Овој хотел е познат по својата ексклузивност и реноме, во кој чудесно се испреплетуваат минатото и сегашноста, а царската архитектура како да е создадена за богат и убав помин. При самиот влез во хотелот несталгично ѝе озаруваат минатите времиња кога се будела романтиката, започнувале авантурите со мирис на свеќи, тактови на валцерите, шушкањето на сатенските фустани, звукот на сабјите на храбрите генерали, забранетите љубови... Но таа вечер ништо од тоа, туку сосем инаку, по нашки, македонски начин.

Забавата започна со 15-минутниот настап на фолклорците, заедно споени риечани и пулежани, кој добро ги загреа дланките на бројната публика. "Боеми" од Битола ја започнаа Вечерта со песната "Македонско девојче" и така неуморно, на задоволство на гостите, до утринските часови свиреа скоро без одмор. Како и секогаш, гости од Сплит, Загреб, Пула, Пореч, Цриквеница и многу блиски гратчиња, а секако и домаќините со нивните пријатели, поминаа незаборавна вечер во игра и забава.

Организаторите се потрудија да ги заинтригираат гостите со богата томбола, со која секогаш се покриваат бар еден дел од трошоците за музиката или нешто друго. Златниот прстен го доби семејството Богатиноски од Пореч, авионскиот повратен билет до Скопје го доби Зико Георгијев од Ровињ, една од ВИП-гостинките "заработи" дводневен викенд-одмор во хотел во Пореч, беа поделени "шопинг"-карта за Трст, вечера за две лица во ресторанот "Скопски мерак" и многу други награди... па така редум, многумина се израдуваа со наградите.

Но, како и во старите времиња во овој хотел, и оваа наша Вечер беше исто така свечена и богата: чинии со супа, ладно предјадење, главно јадење – гурман медаљони "cordon blue", говедско со печурки, свинско на жар, со многу прилози – пекарски компири, пита (баница) со зелје и кељ пупчар во бешамел-сос, мешана зелена салата и десерт – кремшнити и... секако, добра музика.

На крајот треба да се спомнат и поважните спонзори на Вечерта: Златарната Гласновиќ Антон од Опатија, "Croatia airlines" – Риека, хотелот на семејството Богатиноски од Пореч, Аутотранс – Риека, Скопски мерак, Милман кафе, Електроматеријал, семејството Дуноски, занаетчијата Јожа од Гробник и многу други. Исто така, претседателката на Друштвото Ивона Дуноски, која успешно ја води и фолклорната група на "Илинден", и овојпат го покажа својот талент во уиграноста на ансамблот, па од своите играорци доби пригоден подарок, а од бројните гости голем аплауз.

В. Настески



# РАЦИНОВ ДЕН ВО САМОБОР





Во организација на Заедницата на Македонците во РХ и МКД "Охридски бисер" од Загреб, овогодинешната културна манифестација посветена на македонскиот поет Кочо Рацин, се одржа на 23 ноември 2007 во Самобор, при што беше одбележан денот на сеќавање од 68-та годишнина од печатењето на неговата збирка поезија на македонски јазик, "Бели мугри".

Покровители на свеченоста беа Советот за национални малцинства при Владата на РХ и Поглаварството на Град Самобор, а поддршка упатија: д-р Владимир Лончаревиќ од Канцеларијата на претседателот на РХ, Агенцијата за иселеништво на РМ, Канцеларијата и Советот за национални малцинства при Владата на РХ, министерствата за наука, образование и спорт и надворешни работи на РХ, Македонската Православната Црква во РХ и Амбасадата на РМ во РХ.

Во присуство на многубројни членови на Заедницата и граѓани од Самобор, пред бистата на Кочо Рацин во паркот на Музејот, букети свежо цвеќе положија: претседателот на Заедницата Ангел Митревски, потпретседателот на Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб Стојан Трајков, претседателот на МКД "Охридски бисер" Благој Штерјов и Марица Јелениќ, доградоначалник на Самобор. При тоа, потпретседателот на Заедницата Никола Гроздановски, ги поздрави присутните и заблагодарувајќи се, рече: "Стоиме пред паметникот на нашиот голем Македонец и поет да му оддадеме почит, да ја искажеме нашата љубов за сé она што ни го остави во наследство".

Ивица Судник е основач на Музејот и хроничар на Самобор, кој во минатите години нé дочекуваше на влезот и евоцираше спомени како сведок за настанот кога се печатеа стиховите на Кочо Рацин и денот кога "Белите мугри", во 1939 излетаа од печатницата. Тој за ова пригода подготви едно катче со мал приказ на документи, слики, статии од весници и книги за Рацин и оригиналната стихозбирка "Бели мугри".

За животот, дејноста и љубовта на Кочо Рацин кон македонскиот народ, пригодни спомени евоцираше Никола Гроздановски: "Рацин е еден од оние кои ги започнаа и напишаа првите нови страници на нашата сегашност. Лицето на авторот на "Бели мугри" е лик на уметник што го следиме низ сето минато на нашата литература, во условите на националната обесправеност. Делото на Рацин претставува ценет прилог кон нашиот национален и културен развој. Појавата на книгата беше врвен израз и афирмација на индивидуалноста на македонската национална култура и јазик. "Бели мугри" се весник на еден културно "заостанат" народ, кој во борбата за подобар живот дозрева за создавање на своја национална култура. "Бели мугри" се врв во Рациновото творештво и за сите нас."

Гостите, со рециталот на Драгана Колески и Елизабета Петровска, се потсетија на најпознатите и најубави стихови на поетот: "Копачите", "Татунчо", "Тутуноберачите", "Денови", "Ленка"... кои со причина се појавија тука во Самобор, а "Момите бисерни" под водство на Рената Фирст, Музејот го исполнија со бисерни звуци, македонски народни песни на "Калина" и "Тинка".

Доградоначалникот на Град Самобор, Марица Јелениќ, ги поздрави присутните со зборовите: "Drago nam je doći i družiti se s Vama. Izražavam prijateljstvo naših dvaju naroda. Drago nam je opet čuti ove lijepe stihove, a posebno Elizabetinu recitaciju Lenke. Očekujem suradnju u pripremi 70. obljetnice tiskanja "Belih mugri" i njihov reprint."

Прославата продолжи со дружење и пригодна закуска.

М. Паризоски

## Мирјана Лазарова – Трајковска, новоизбран судија во Европскиот суд за човекови права од Македонија

**Каков предизвик за Вас е функцијата судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбург?**

Голем е предизвикот да се биде дел од 47-те судии кои ги градат принципите во однос на заштитата на човековите права преку имплементирањето на Европската конвенција. Преку мојот долгогодишен ангажман како експерт на Советот на Европа, со години ја следам работата на Европскиот суд за човекови права. Оваа институција е столбот на Советот на Европа и најголем дел од работните тела, на комисиите, на комитетите, на еден или друг начин доаѓаат во допир со работата на Судот. Востановените принципи преку веќе решените случаи се од огромно значење за работата на сите судови во земјите членки на Советот на Европа. Оттука професионално, Европскиот суд за човековите права не е само предизвик тој е круна на европскиот институционален пристап кон заштитата на човековите права.

**Кога почнува вашиот мандат во Европскиот суд за човекови права?**

Мојот мандат почнува од 1 февруари 2008 и ќе трае до 31 јануари 2014 година. Мандатот трае шест години. Доколку во меѓувреме Протоколот 14 од Европската конвенција за човекови права е ратификуван од 47-та земја мандатот на новоизбраните суди ќе се продолжи на девет години. Да појаснам, овој Протокол досега е ратификуван од 46 земји членки на Советот на Европа. За да влезе во сила тој треба да биде ратификуван уште од една земја а тоа е Руската Федерација.

МИА

## СТОЈАН РУМЕНОВСКИ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА ВО РИЕКА

На 28 ноември 2007 година во Риека престојуваше министерот советник и воедно вршител на должноста амбасадор во Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, Стојан Руменовски, при што ја посети Стопанската комора на ПГЖ, заедно со претседателот на Советот на МНМ за Град Риека, Михаило Давчевски и Илија Христодулов, водителот на Канцеларијата на МНМ во Риека. Целта на оваа посета беше да се воспостават, иницираат и обноват соработките во полето на стопанството на Македонија со една од најбогатите жупании во Хрватска.

Руменовски во Комората дојде со материјалите кои во иднина во македонските амбасади ќе бидат дополнителна обврска. Деталните добро обработени материјали за воспоставување врски меѓу македонските стопанственици и сопственицие во светот имаат за цел да ги информираат и повикаат заинтересираните инвеститори да дојдат во Македонија и инвестираат во сега поттикнатото стопанство. Руменовски во своето излагање рече дека странските инвеститори можат да отвораат фирми за вложување на капитал во македонското стопанство само за три дена. Исто така, Руменовски нагласи дека Хрватска е една од големите потенцијални инвеститори во Македонија, меѓу кои се веќе “Агрокор”, “Певец” и други, кои вложуваат голем капитал, особено во земјоделството. Покрај новините за инвестирање во Македонија, Руменовски го потсети домаќинот, претседателот на комората Мичетиќ, на добрата соработка на некои Риечки фирми кои денес увезуваат стока од Македонија, меѓу кои се “3. мај” (Железара – Скопје), “Електроприморје” (Каблови - Кавадарци), големите хрватски трговски центри (посебно со вино и конзервирани производи), земјоделски производи (домати, пиперки и др.), и рече дека тие се гаранција на сé подобрата трговска размена помеѓу овие две земји.



Средбата заврши во взаемно задоволсво на соговорниците и со желба соработката да се интензивира. Воедно беа изречени пофалби за учеството на Заедницата на Македонците и друштвата во Хрватска кои покрај културните дејности чинат многу и за посредување во стопанството.

В. Настески

## Министрите Еленовски и Милошоски на состанок “Адриатик-Балтик-Атлантик” во Сплит

На 12 октомври 2007 министрите за одбрана и надворешни работи Лазар Еленовски и Антонио Милошоски престојуваа во Сплит каде учествуваа на состанокот “Адриатик-Балтик-Атлантик”, на кој беа и министрите за одбрана и надворешни работи од Јадранската група (Македонија, Хрватска и Албанија), Балтичката група (Естонија, Латвија и Литванија) и од САД. Учесниците на собирот разменија искуства за достигнувањата во оваа напредна фаза од подготовките за членство во НАТО.

МИА

## Четврт Регионален економски форум за Југоисточна Европа

Во Дубровник на 22 ноември 2007 се одржа четвртиот Регионален економски форум за Југоисточна Европа. “Европската комисија на државите од Југоисточна Европа до 2011 година ќе им доделат 3,5 милијарди евра, средства што ќе можат да се користат преку предпристапните фондови на ЕУ”, притоа најави заменик-дикректорот на Дирекцијата за проширување на ЕУ, Јан Крусцински. Како што јави специјалниот известувач на МИА во Дубровник, Крисцински истакнал дека Југоисточна Европа мора да остане на европскиот курс, истовремено упатувајќи предупредување до регионот за проблемите со кои се соочува, пред сѐ во судството и јавната администрација.

Македонскиот претседател Бранко Црвенковски, кој учествуваше во работата на Форумот, во изјавата за македонските медиуми рече дека собирот е добра можност за подобрување на економските перформанси на секоја од земјите одделно, но и за регионот во целина.

МИА

## Обвинителствата на Македонија и на Хрватска потпишаа меморандум за соработка

**Јавното обвинителство на Македонија и Државното обвинителство на Хрватска на 13 ноември 2007 потпишаа меморандум за разбирање и за меѓународна соработка во борбата против сите облици на тешки кривични дела.**

Со меморандумот двете договорни страни се обврзуваат на многу поефикасна комуникација во размената на информации, докази и факти кои се битни во предистражната постапка за поефикасна борба против организираниот криминал, против кривичните дела како што се перењето

пари, трговија со луѓе и трговија со мигранти, рече денеска по потпишувањето на меморандумот македонскиот државен јавен обвинител Љупчо Шврговски. Потпишувањето на меморандумот, како што додаде Шврговски, е последна фаза од правната рамка која Република Македонија веќе ја има оформено со преостанатите држави од поранешна СФРЈ.

Хрватскиот главен државен обвинител Младен Бајиќ истакна дека меморандумот ќе биде дополнително оружје на обвинителите на Хрватска и Македонија, со цел заеднички да можат да ги спречат организираниот криминал и корупцијата во оние сегменти каде двете земји имаат допирни точки во заеднички проекти и предмети.

МИА

## Краљев доби признание од МНТ

**Мирко Краљев, актер и советник за култура на хрватската амбасада во Скопје стана првиот официјално почесен член на ансамблот на МНТ од странство.**

Овде сум две и пол години и ги вложив сите ментални и физички сили да ги спојам прекинатите мостови меѓу Македонија и Хрватска. Поласкан сум од оваа титула, зошто ни Роберт де Ниро не може да се посрами од вакво признание и тврдам дека Македонија го има најдобриот театар на поранешните ЈУ простори, изјави на доделувањето Мирко Краљев.

Свеченоста во скопскиот театар "Центар" беше збогатена со изведбата на монодрамата "На работ на умот", која по текст на Мирослав Крлежа ја изведе хрватскиот актер Драган Деспот.

М.А.В.

## Изјави на началниците на генералштабовите од Македонија, Албанија и Хрватска

**Началниците на генералштабовите на земјите-членки на Јадранската повелба – Македонија, Албанија и Хрватска, Мирослав Стојановски, Јосип Луциќ и Луан Хоџа, на 31 октомври 2007 во Скопје за логистичката поддршка на силите за извршување меѓународни операции предводени од НАТО, изјавија дека повторно е потврдена длабоката посветеност за натамошна соработка меѓу вооружените сили во духот на Повелбата.**

Се согласивме околу потребата да се вложат сите инструменти кои ги имаме на располагање, со цел да се овозможи непречен ангажман на нашите вооружени сили во операции при елементарни непогоди, како што беше случајот со пожарите во регионот. Во оваа смисла, ќе работиме на усвојување на потребните документи од страна на нашите влади. Ги повикуваме нашите колеги од Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија да ги информираат нивните влади и да се приклучат кон оваа иницијатива, се вели во заедничката изјава на началниците на генералштабовите од Македонија, Албанија и Хрватска.

МИА

## ДЕЛЕГАЦИЈА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО ПОСЕТА НА Р. ХРВАТСКА

Делегација на Одборот за европска прашања на Собранието на Република Македонија престојуваше во Хрватска во работна посета на Одборот за европски интеграции на Хрватскиот сабор. Делегацијата ја предводеше Тито Петковски, претседател на Одборот за европска прашања (Нова социјалдемократска странка) со членовите Александар Спасеновски (ВМРО-ДПМНЕ) и Сафет Незири (Демократска унија за интеграција).



Во дводневната работна посета делегацијата имаше разговори и размена на информации со: Невен Мимица, претседател на Одборот за европски интеграции на Хрватскиот сабор, Зоран Милановиќ, претседател на Националниот одбор за следење на преговорите за пристап на РХ во ЕУ, Мато Арловиќ, потпретседател на Хрватскиот сабор, Владимир Дробњак, главен преговарач на РХ, Гордан Јандроковиќ, претседател на Одборот за надворешна политика и други.

Амбасадата на РМ во Загреб, на 10 октомври 2007 г., организира средба на Делегацијата со членовите на македонските асоцијации во Хрватска. На неа Тито Петковски кусо информираше за посетата на Хрватскиот сабор, а посебно за разговорите со Невен Мимица и Владимир Дробњак, кои имаат цел да се советува и запознае со хрватското искуство во преговорите со ЕУ, кое Македонија ќе го применува по изборот на главниот македонски дипломат-преговарач. "Средбата со Македонците е значајна, да се информира како дијаспората ќе учествува на изборите во Македонија и да има свој претставник во парламентот. Потребно е да се изгради мост за поврзување на дијаспората со Македонија. Во Хрватска се доста успешно решени малцинските прашања. Од оваа посета треба да се истакнат прашања упатени до Владата и Собранието во Македонија", рече Петковски.

Претседателот на Заедницата Ангел Митревски упати поздрави на гостите и истакна дека македонското малцинство со претставници учествува во локалната самоуправа, а Советите се вклучени во градските и жупаниските управи. Но, потребно е да се интензивираат културните и стопанските врски со Македонија, зошто недоволна е помошта од македонското Министерство за култура, рече Митревски.

Протоерејот Кирко Велински, свештеник на Македонската Православна Црква во Хрватска, ја истакна добрата соработка на МПЦ со Католичката црква, па упати прашање за можностите во реализација за изградба на црква во Загреб како духовен и културен дом.

Јудита Реј Худечек, претседателка на Хрватско-македонското друштво, ги запозна гостите со работата која е препозната во Хрватска, особено со пејачката група "Езерки" и музичкиот ансамбл "7/8", кои го подготвуваат третиот по ред носач на звук.

Претседателот на Координацијата и Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Анастас Оџаклиески, ја изнесе политичката организација на Македонците во РХ. "Избрани се Совети во 4 и претставници во 10 жупании. Семакедонската координација на Советите има за цел соработка со локалната самоуправа. Се бара да се оствари избор на пратеник на македонското малцинство во Хрватскиот сабор", рече Оџаклиески.

Благој Штерјов и Мирјана Мајиќ, претседатели на МКД од Загреб и Задар, ги запознаа гостите со активностите и успесите на нивните Друштва.

Делегацијата е испратена со поздрави до Собранието на Македонија.

М. Паризоски

# ЈАДРАНСКА ПОВЕЛБА И ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН – НАТО



Загреб: Секцијата на новинарите на националните малцинства при Хрватското новинарско друштво, на 5-ти декември 2007 година, во Новинарскиот дом, одржа трибина под наслов "Јадранска повелба и приближување на Хрватска, Албанија, Македонија".

Трибината ја подготви и ја водеше Марина Апостоловска, претседателка на Секцијата на новинарите на националните малцинства при ХНД, па при отварањето им се заблагодари за посетата и пренесе поздрави од претседателот на ХНД, Драгутин Луциќ. Потоа ги поздрави гостите новинари и посебно ги поздрави: Невен Микец од Министерството за надворешни работи на РХ, претставникот на амбасадата на Р. Албанија во Р. Хрватска, советникот министер Целиал Селза, генералот Драган Андрески, воен аташе на Р. Македонија во Хрватска, Словенија и Италија, Раде Стефановиќ, претставнк на амбасадата на Р. Србија во РХ.

Трибината е организирана со цел јавноста да се информира до каде стигна реализацијата на Јадранската повелба и како Хрватска, Албанија и Македонија чекорат кон НАТО.

Воениот аташе при Амбасадата на Македонија, генералот Драган Андрески, ја изнесе идејата за поврзување на земјите од Балканот со цел, покрај индивидуалните активности, заеднички да се координираат активностите на патот кон НАТО. Тоа се реализира во мај 2003 г., во Тирана кога и официјално беше потпишана Јадранската повелба како камен темелник на регионална соработка, но и како лансирна рампа за групно зачленување во Алијансата. Така формализирана Јадранска група популарно е наречена "А-3".

"Земјите од таканаречениот Западен Балкан – Македонија, Албанија и Хрватска со регионална соработка ги обединуваат силите и овозможуваат заеднички координиран одговор против асиметричните закани – меѓународниот тероризам, организираниот криминал, корупцијата и друго. Без тоа не е можна изградба на регион во кој ќе завладее клима на меѓусебна доверба, траен мир, стабилност и просперитет", при тоа рече генерал Андрески.

Активноста на групата "А-3" е изразена и во одржување на заеднички воени вежби. Одржана е билатерална вежба помеѓу армиите на Македонија и Албанија, "Соседски зафат 2003", која е оценета како успешна и корисна, пред сé, на планот на зацврстувањето на меѓусебната доверба и регионалната соработка.

Имплементација на Јадранската повелба е остварена со испраќање на здружен медицински тим во мисијата ИСАФ во Авганистан, мировна мисија во Ирак, Либан и Босна и Херцеговина. Трите земји потписнички во трилатералната соработка имаат и до 40 активности. Советникот во амбасадата на Албанија во Хрватска Целиал Селза, изрази задоволство што присуствува на Трибината, па истакна дека Јадранската повелба е поттик, а нејзината главна цел е целиот регион да се вклучи во НАТО. "Албанскиот народ, со 90 отсто го поддржува пристапот кон НАТО и тоа го доживува како сигурност која не ја имала низ својата историја. Албанија има 350 војници во мировната мисија ИСАФ. Со членство во Алијансата се решаваат внатрешните проблеми на Албанија, одговорноста во сите сегменти на општеството, медиумите и цивилните здруженија. Албанија се подготвува за влез во НАТО", на Трибината рече Целиал Селза.

Невен Микец, ја процени важната улога на соработката во регионот. "Сега стигнавме до фазата за партнерство и желба целата регија да се интегрира во НАТО. Хрватска поттикнува и дава поддршка на соседните земји, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, за индивидуален пристап кон Јадранската повелба и НАТО. Членките на групата "А-3" имаат заеднички мировни тим во Авганистан. Желба е да трите земји да пристапат кон НАТО на Самитот во Букурешт", рече Микец.

Присутните новинари – Милана Јелачиќ, Михаило Ничота, Огнен Бојаџиски, Владо Дражиќ, Милан Цимеша и Вјекослав Мадуниќ, се вклучија во расправата и поставија неколку прашања: Што ќе се случи ако хрватската јавност на референдумот гласа против пристапот кон НАТО? Како ќе се однесува Грција за пристапот на Македонија кон НАТО? Каква е политичката ситуација во Србија за членство во НАТО? Гостите на Трибината дадоа исцрпни одговори на сите овие поставени прашања.

М. Паризоски

# СИТЕ СПИЈАТ, НИКОЈ НЕ СОНУВА

***Според мене, на Македонија и е потребна сериозна деполитизација. Денес, сакале ние или не, политиката има големи влијанија во културата и... малку сé се измеша. Мислам дека е тоа рушење на системот на вредности, а функционирањето на тоа ниво е катастрофа за театарот. Одговорно тврдам (кој што сака нека каже) дека тоа е единствената гранка што е валидна да ја презентира Македонија. Целото поле на македонската култура од Тоше, Милчо Манчевски, се траги што остануваат засекогаш во историјата на Македонија, вели македонскиот режисер Александар Поповски***





Ноќта на 21 декември 2007 беше најкусата ноќ во годината. Но, тоа беше и најубавата тетарска ноќ во ЗАГРЕБ, каде во престижниот театар ГАВЕЛА се одржа премиерата на претставата "Сонот на летната ноќ". И тоа не би било така интересно за нас Макдонците доколку режијата не ја потпишува **Александар Поповски**. Целата публика беше воодоошевна од режисерската постава, од артистите, Хрвоје Клобучар, Ксенија Пајиќ, Фрањо Ракош, Свен Шестак, Филип Шоваговиќ и секогаш одличниот Перо Квргиќ, но и од музиката, која игра важна улога, а ја создаде Кирил Џајковски. Сето тоа беше повод да поразговараме со режисерот А. Поповски.

**Чија беше идејата да ја режирате "Сонот на летната ноќ" во ГАВЕЛА?**

Пред две и пол години беше мојата прва средба со претставниците на "Гавела", кога овој театар гостуваше во Драмски театар во Скопје. Потоа Драмски гостуваше во Загреб со три претстави од кои две беа во моја режија, па така почнаа некои посериозни преговори. Не сум првпат на загрепската театарска сцена. Во 2000 година во "Керемпух" го режирав "Буре барут" според текстот на Дејан Дуковски, но потоа некако патот не ме водеше на овие простори. Арно ама, потоа дојде поканата од "Гавела" и многу ми се допадна како постапија и неговиот директор и неговата уметничка продуцентка.

**Зошто го избравте токму овој текст на Шекспир?**

Во текот на преговорите ми беше сугерирано да режирам некоја класична претстава, а мене ми се работеше нешто УБАВО. Морам да признам дека малку ми е мака од оваа "нова драма", од Балкани и така тоа, зошто сето тоа веќе ми е "преку глава".

**Како Ви успева тие класични текстови да ги "преобразите" во наши, современи услови?**

Немам некој посебен урнек за тоа. Јас само си ги "преведувам" сам на себе. Си ги декодирам, како во зип фаил... Убавината на класичните текстови е прашање на твојот став и она што ти гледаш во нив. "Сонот на летната ноќ" може да биде подлога за многу теми, но важно е она на што ќе се фокусираш.

**Кој го направи кастингот на оваа претстава?**

Кастингот се работеше во соработка со "Гавела". Ги знаев неколкуте од артистите, зошто додека работев во Словенија често доаѓав во Загреб и при секоја пригода ги гледав овдешните претстави и артистите што ги остваруваа. Кастингот е голем, но најмногу сум воодушевен од новата генерација артисти, особено од Хрвоје Клобучар, но сите навистина се трудеа да го покажат најдоброто, беа многу расположени за креација на претставата, па имав голема радост додека работев со нив.

**Сега едно лично прашање: како се чувствувате на "привремена работа во странство"?**

Тука сум цели два месеца. Секогаш кога работам во странство си имам една своја рута која сама се втиснува во она што го работам. Не шетам многу вон неа. Во "Гавела" минав доста време, па од време на време ќе скокнев во Словенија, зошто таму имам исто така многу пријатели. Сепак морам да речам дека Загреб ми е многу поинаков од минатиот пат кога работев во "Керемпух"; сега градот ми изгледа поотворен, повесел... можеби тоа беше некое друго време (крајот на 90-тите) и се случуваа некои други политички нешта што ги интригираа и обичните граѓани. Според мене сега Загреб е некако поопуштен град, поблизок до сите нас, па навистина попријатно се чуствував.

**Како еден од истакнатите македонски дејци би сакала да ни кажете како денес "стои" културата во Македонија?**

Според мене, на Македонија и е потребна сериозна деполитизација. Денес, сакале ние или не, политиката има големи влијанија во културата и... малку сé се измеша. Мислам дека е тоа рушење на системот на вредности, а функционирањето на тоа ниво е катастрофа за театарот. Одговорно тврдам (кој што сака нека каже) дека тоа е единствената гранка што е валидна да ја презентира Македонија. Целото поле на македонската култура од Тоше, Милчо Манчевски, се траги што остануваат засекогаш во историјата на Македонија. Ни една друга област во Македонија не го сторила тоа што го има направено нашата култура. Тоа е некој природен вентил, кој би го споредил со Копаничарите. Ако ова влијание на политиката стане доминантно, ќе изгубиме сé.

**Кои се Вашите идни планови?**

Првенствено сакам да се вратам малку дома, кај жена ми и ќерка ми. Наскоро ќе почнам да работам во Трст, потоа имам ангажман во Солун, каде по трагите на Прличев се враќам во Грција.

Марина Апостоловска – Вујаклија

# "DVIGRADSKE LUČI" ОД РАТКО ДИМОВСКИ





Денот на востанието и антифашистичката борба на Македонците – 11 Октомври во Пула е одбележан со два значајни настани. Најнапред, во Пензионерската читалница беше организирана промоција на книгата "DVIGRADSKE LUČI", "нашински" речено – "Факелите на Двиград". Оваа книга, најавена преку повеќе средства за јавното информирање, а проследена со мошне добри и квалитетни рецензии, пишувана на хрватски јазик, предизвика голем интерес не само во Пула и Истра, туку и многу пошироко, затоа што во овој жанр на новели, раскази, легенди и слично, ретки се оние што се одлучуваат на вакви изданија. Пред неколку години авторката Марина Апостоловска – Вујаклија, а сега Ратко Димовски со оваа книга, како да го ослушнуваат пулсот на нашите читатели. Според виденото, слушнатото и во ноќта на промоцијата доживеано, се заклучува дека постои недостаток на овој вид квалитетна проза, со која читателот по еден напорен ден, полн со тешки трауми и предизвикувања, може на час да се пресели на некои други простори.

Во новелите на Ратко Димовски, во некое далечно време на 1482-та година во Двиград, кој тогаш раскошно живеел со љубов, тага, болести, војни, па дури и смртта, останале легендите. Авторот нé води низ детството во пеесеттите години, за во 60-тите години на минатиот век со нас ги подели ученичките и студентските денови. Се насетува првата љубов, заљубувањата, отворено пишува за еротиката, без непотребните глорификации и детализирања, по што останува настапот на еден врвен раскажувач, со некоја своевидна интерпункција, која му е како светилник и патоказ во неговите раскази и новели. Затоа оваа ноќ на која присуствуваа дваесетина членови на МКД "Кочо Рацин" и претседателката на Советот на македонското национално малцинство, Мирјана Дика Дужман, со силен аплауз, ја поздравија најавата на овој настан, кој во името на домаќинот, Градската библиотека и читалница Пула, пензионерската читалница, а во рамките на месецот на книгата, ја отвори библиотекарката Лоредана Радетиќ, поздравувајќи со зборовите:

"Почитувани сограѓани Македонци, вие кои денес го прославувате Денот на востанието и антифашистичката борба на Македонскиот народ, нека ви е честит празникот!" Тоа го поздрави и авторот на книгата, Ратко Димовски и сите присутни во трите сали на овој комплексен објект. Со публиката во двете простории им беше овозможена непосредната комуникација со промоторите, за што се погрижи другата наша домаќинка, библиотекарката Лорена Вишковиќ.

По завршувањето на оваа промоција, голем број од присутните Македонци отидоа до просториите на Советот на македонското национално малцинство на Град Пула и таму го прославија големиот национален празник.

Биљана Мијатовиќ

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ЗАГРЕБ




Македонското културно друштво "Охридски бисер" од Загреб на 13-ти декември 2007, во Музејот "Пригорје" – Сесвете, ја организираше културната манифестација "Денови на македонската култура". При тоа, во соработка со Музејот на Македонија од Скопје, Музејот "Пригорје" од Сесвете и Заедницата на Македонците во РХ, отворена е изложба "Македонски христијански корени" – "ТЕРАКОТНИ ИКОНИ ОД ВИНИЦА". Автор на изложбата е археологот Цоне Крстевски од Скопје, а покровители на манифестацијата беа Советот за национални малцинства при Владата на РХ и Музејот "Пригорје" од Сесвете.

Програмата ја водеше Орце Ламбевски, потпретседател на МКД "Охридски бисер", кој упати добредојде и ги поздрави ценетите гости, претставниците на државните и другите институции во Хрватска: Стојан Руменовски, Томислав Апопстоловски, Владимир Лончаревиќ, Анастас Оџаклиески, Ангел Митревски, Кирко Велински и Благој Штерјов, а посебни поздрави упати до Мери Аницин Пејоска, директорка на Музејот на Македонија и авторот Цоне Крстевски, како и до љубезните домаќини д-р Владимир Сокол, директор на Музејот "Пригорје" и Стјепан Вуглек, претседател на Советот на гратската четврт Сесвете и сите посетители.

Присутните ги поздрави и Благој Штерјов, претседател на МКД "Охридски бисер", по кого Ангел Митревски, претседателот на Заедницата, со поздрави до посетителите, ја истакна гордоста што ја чувствуваме со ова македонско историско богатство, кое секако ќе го привече вниманието на хрватската јавност.

Директорот на Музејот д-р Владимир Сокол, рече:

"Izložba "Terakotne ikone iz Vinice", nakon što je prošla brojne europske i hrvatske gradove, došla je u Sesvete. Ona predstavlja skupni arheološki nalaz glinenih ploča s kršćanskim duhovnim prikazima. Predstave, temeljene na biblijskim tekstovima, opisane su na latinskom jeziku, iako je u pisanim spomenicima kasne antike u Makedoniji prevladavajući jezik grčki. To ne smije čuditi, jer one potječu s konca VI. i početka VII. stoljeća kada cjelokupno područje Balkana dolazi pod snažan utjecaj velikih seoba naroda, ne samo Slavena, već i povlačenja romanskog latinskog pučanstva s podunavskog limesa prema jugu. Makedonija je u tom razdoblju pripadala proširenom Iliriku, glavnom regrutnom području rimske vojske, pa je velik broj vojnih svetaca prikazan u odorama rimskih vojnika. U razdoblju VI. te VII. stoljeća, kada avarska i slavenska prevlast postaje trajna, ove su terakote važne i za povijest hrvatskih krajeva neposredno prije dolaska Hrvata."



Мери Аницин Пејоска упатувајќи поздрави до присутните, изрази и благодарност до Министерството за култура на РХ, Уредот за култура на Град Загреб и Заедницата на Македонците во РХ, со чија помош изложбата е прикажана во Ѓаково и Осиек, а сега и во Загреб. Авторот на изложбата Цоне Крстевски се заблагодари за приемот и нејзината посетеност, па изнесе неколку важни историски податоци за времето кога настанале теракотните икони:

"Изложените 12 мотиви од теракотни икони се големо културно богатство од Македонија. Течението на реката Брегалница (Астибо) во контекст на археолошките откритија е вистински "елдорадо". Педесет цели икони од локалитетот Виничко Кале со стотина фрагменти и 16 мотиви, откриени во 1985 г., се раритет во светски размери и откритија што отворија нова страница на старохристијанската уметност во Македонија. Според иконографските анализи мотивите се од старозаветни сцени, илустрирани псалами и приказ на ликови на христијански светци. Тука се Јошуа и Калеб, Даниел меѓу лавовите, Давидов псалам, Константинов крст, Лав, свети Аранѓел и други. Сите прикази на теракотните икони проследени се со латински натписи, а текстовите опишуваат сцени или ликови со теолошки пораки. Општа карактеристика на виничките икони е победа над злото и смртта и триумф над сите непријатели на верата".

Стјепан Вуглек, во името на Советот на Сесвете, се заблагодари што токму овој дел од Загреб е одбран за излагање на оваа вредна изложба.

Во музичот дел од програмата на "Деновите на македонската култура во Загреб" настапија "Моми бисерни", кои отпејаа неколку македонски народни песни. Елизабета Петровска ја рецитираше песната "Сина капка" од својата стихозбирка поезија "Солзи полни насмевки", а Драгана Колески ја рецитираше "Татунчо" од збирката поезија "Бели мугри" на Кочо Рацин. Дора Новак, ученичка од 4. одделение, на кајкавски дијалект ја рецитираше поемата "Божик" од Драгутин Домјаниќ, а учениците од основното училиште и КУД "Драгутин Домјаниќ" – Вугровец, изведоа музичка точка со тамбурашки оркестар под водство на Владимир Вугер.

Дружењето продолжи со закуска.

Марко Паризоски

## 13. Денови на македонската култура во Осиек

# ВОЗДИГНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА





И годинава традиционалната манифестација на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек понуди разновидна и богата програма, која собра голем број посетители. Секоја година месецот октомври е резервиран за "Деновите на македонската култура" во Осиек, а годинава, 13-та по ред, манифестацијата беше одбележана на 6, 7 и 13 октомври со особени културни содржини што ги промовираа членовите на Друштвото, како и меѓународните културни уметници. Присуството на бројната публика, како и на гостите, зборува за популарноста на манифестацијата на овие простори.

Да споменеме некои од нив: Владимир Марјановиќ, советник на Генералниот конзулат на Р. СРБ. во Вуковар, Ловринчевиќ, членката на Поглаварството за Осиечко-барањска Жупанија, Маргит Зориќ и Љерка Хедл, членките на градското Поглаварство на Осиек, претставници на Заедницата на Македонците во Р. Х., претседателот Ангел Митревски со сопругата, потпретседателот Никола Гроздановски и секретарката Елизабета Петровска, претседателите на Советите за национални малцинства – Вилко Хулак за Словаците при Осиечко-барањска жупанија, Предраг Стојановиќ за Србите на Град Б. Манастир, како и претставниците на Советите на македонското национално малцинство – Драгољуб Сиљаноски за Осиечко-барањска жупанија, Марија Чинчурак за Град Осиек, Бранко Атанасовски за Вуковарско-сремска Жупанија, претседателот на МКД "Крсте Мисирков" од Загреб Иван Качуров со потпретседателката Виолета Крстевска и секретарката на македонско-хрватско друштво "Спектрум" од Загреб, Славица Коретиќ. Многу Македонци допатуваа од Михољац, Нашице, Дарда, Биље, Вуковар, Винковци и Бели Манастир за да присуствуваат на манифестацијата.

На првиот ден во 19 часот се одржа предавање во црквата "Св. Криж" на тема "СРЕДНОВЕКОВНАТА САКРАЛНА УМЕТНОСТ НА ОХРИДСКИОТ КРАЈ (XII. и XIII. век.)". Предавањето го одржа Андреј Мирчев, театролог и професор по филозофија, инаку асистент на Уметничката Академија во Осиек, со богата и разновидна аудиовизуелна проекција. Во куси црти беа претставени значајни знаменитости, особини и стилски карактеристики на средновековната сакрална уметност (манастири, фрески и икони), настанати на брегот на Охридското Езеро во византискиот период. На крајот од своето предавање насочи и на влијанието што овие уметнички творештва го имале на останатите уметнички стилови, а особено на ренесансата која директно се надоврзува на одредени достигнувања од овој вид на уметноста.

Истата вечер во 20 часот беше отворена изложбата, која имавме прилика да ја видиме и во Ѓаково на одбележувањето на "10. Денови на браќата Миладиновци" каде траеше цели три месеци. Овојпат, во Фрањевачкиот манастир при црквата Св. Криж во стариот дел на Осиек, наречен "Тврѓа". Станува збор за изложбата под името "Македонски христијански корени", каде се претставени копии на теракотни икони од Виничкото Кале во Македонија. Медиумите ја најавуваа изложбата со насловите "Најдрагоцено македонско благо во Осиек", "Светски познати икони од Македонија"... Промотори на оваа изложба беа Гргур Марко Иванковиќ, историчар на уметности од Осиек и авторот на изложбата, угледниот археолог од Музејот на Македонија Цоне Крстевски, кој им подари копиии на теракотни икони на организаторот – Друштвото од Осиек и на домаќините – Фрањевачкиот манастир. Така, со голема поддршка на свештеникот Жељко Пауриќ, Фрањевачкиот манастир и црквата Св. Криж го отворија просторот на сите вљубеници на културата.

Третата содржина на манифестацијата, "Концерт на сериозна музика", се одржа на 7 октомври во фоајето на осиечкиот Хрватски Народен Театар. Концерт одржа првенецот Слободан Цветичанин – баритон, по повод 25 години на уметничкото делување. На концертот под името "Слободан и пријателите" учествуваа бројни гости, пријатели со кои соработувал, од Македонија, Србија и Хрватска. Сопранистката Марија Муратовска – Наумовска и обоистот Васил Атанасов пристигнаа од Скопје, тенорот Славољуб Коциќ – првенец на Операта во Нови Сад и виолинистот Кирил Наумов од Осиек. Сите нив на клавир ги придружуваа Јагода Тренеска

– Цветичанин и Игор Валери од Осиек. Беа изведени 12 композиции: познати арии, дуети, концерти и пиеси, на светските композитори: Хендел, Моцарт, Верди, Пучини, Сарасате, Дворжак, Леонкавало, Чајковски, Доницети, Колин, Готовац, но се слушна и "Тешкото" од Георги Смокварски. Сите уметници беа наградени со долготраен аплауз, особено славеникот, а во преполното фоаје публиката воодушевено чекаше во ред да му честита на успешниот концерт.

"Деновите" завршија на 13 октомври со четвртата содржина – традиционалниот концерт на народно творештво, наречен "Вардарки, Танец и гости". Тој се одржа во Просветно-културниот центар на Унгарците, на кој Македонците ги покажаа белезите на својата култура: игра, песна, рецитации и секако, кулинарските специјалитети. Програмата на македонски и хрватски јазик ја водеше Марија Чинчурак.

И самиот наслов на концертот дава тежиште на секциите од Друштвото, пејачката "Вардарки" и фолклорната "Танец". Покрај многуте нивни настапи низ годината, овој концерт им е завршен, т.н. годишен. "Вардарките" со водителката Јагода Тренеска – Цветичанин изведоа неколку сплетови од познати народни песни во 5/8, 7/8 и 9/8 ритмови. Фолклорната група "Танец" со водителката Марија Грбавица се претстави со сплет македонски ора. Интересната кореографија, богатите носии, прекрасните македонски песни и ора во придружба на армоникашот Никола Димиќ, ги претставија членовите на двете секции во најдобро светло. Да не ја заборавиме и детската група "Бисерчиња", иднината на Друштвото. Тие овојпат се претставија со детска претстава на македонски јазик што ја осмисли и подготви Марија Грбавица. Сите три секции ја покажаа душата на Друштвото, го пожнејаа плодот од неколку-месечните проби и другарувањето со македонскиот етнос.

Како и секоја година, концертот го збогатија и гостите. Така настапи и детската играорна група "Бобита" од градинката на Просветно-културниот центар на Унгарците во Осиек. Десетина деца на предучилишна возраст предводени од водителката Ева Перковиќ пееја и играа унгарски танци. Постојана гостинка на овој концерт е солистката Милка Мaѓариќ, која придружувана од армоникашот Никола Димиќ се претстави со песните "Калеш бре Анѓо", "Абер дојде Донке", "Македонско девојче" и "Зајди, зајди јасно сонце", која ја посвети на почесниот претседател и основач на Друштвото, Благоја Јовановски.

Потоа, настапија и гостите од Загреб, оркестарот на МКД "Крсте Мисирков". Поделени во две групи, членовите изведоа "Македонски епос" – оркестарска обработка на македонски песни и оркестарска обработка на "Егејско" и други ора. Предводени од Иван и Горан Качуров, нивната виртуозност на многуте инструменти и одличните аранжмани ја загрејаа атмосверата кај публиката. Посебно изненадување беше изведбата на истоимената песна на авторот Влатко Стефановски од филмот "Ципси Меџик", на која публиката во салата пееше со нив на сиот глас.

Пред да ја затвори манифестацијата, претседателката на Друштвото Јагода Тренеска – Цветичанин истакна дека е многу задоволна со посетеноста на сите содржини и нивното медиумско проследување.

Текст: Бранка Јањиќ
Фотографии:
Сања Сиљаноски и Елизабета Петровска

## Makedonske narodne nošnje i vezovi

**Сплит**:

Kada nekome spomenete Makedoniju, prve dvije stvari na koje pomisli su makedonska narodna pjesma i "tavče gravče". Žalosno je da zemlja s tako bogatom kulturom bude tako sterotipno predstavljena. Kada smo u MKD-u "Makedonija" u Splitu odlučivali o tome da pokrenemo sekciju za izradu makedonskih nošnji i ručnih radova, upravo razbijanje tog stereotipa nam je bila polazna ideja. Znamo da su makedonske narodne nošnje mnogobrojne u svojoj raznolikosti, smatra se da postoji preko 70 različitih narodnih nošnji, koje se odlikuju ljepotom, skladom boja i bogatstvom ukrasa, najčešće vezenih ornamenata. Makedonska nošnja se najviše "branila" u doba Osmanlijskog Carstva, jer su ljudi smatrali da putem nošnje čuvaju svoj identitet, svoje podrijetlo i etničku pripadnost. Svaka nošnja ima svoj specifikum: bijela boja je karakteristična za košulje, kroj i bogati ukrasi i vezovi koji su pretežno crveno – crni, naravno s primjesima drugih boja, što opet ovisi od kraja iz kojeg je nošnja. Prisutni su i drugi ukrasi kao: širiti, gajtani, monistra, kitki, sorki i slično. Muške nošnje su dosta jednostavnije – sve nošnje šivene su od domaćeg tkanog platna i vunene pređe.

Raznolikost nošnji zahtijeva i raznolikost veza odnosno motiva, boja i tehnika (kojih ima isto dosta). Ako izuzmemo kumanovski, krivopalanački kao sjevero-istočni region i skopski region, nalazimo da je cijeli zapadni dio Makedonije prebogat narodnim vezom, gdje svaka oblast ima karakteristične bogate motive. U istočnom djelu vez nije toliko zastupljen, tu se više ukrašava s takozvanim "sorki".

Ovo je ukratko o makedoskoj nošnji i vezu, ali je sasvim dovoljno da prepoznamo da je to jedna od stvari koja može propagirati makedonsku kulturu na dostojan način. MKD "Makedonija" iz Splita ima sekciju koja je skromna po broju članica (ima nas samo 6), ali uradili smo dvije nošnje, par jastučnica i miljea s makedonskim motivima te planiramo uraditi još četiri do održavanja naše kulturne manifestacije "Dani makedonske kulture" u svibnju 2008 godine.

Biljana Mitrevski



# КУЛТУРНО ТВОРЕШТВО НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО Р. Х.



*Македонците во “Лисински”*



Традиционалната и јубилејна “Десетта манифестација на културното творештво на националните малцинства во Р. Хрватска” се одржа на 4 ноември 2007 година во концертната сала “Ватрослав Лисински” под високото покровителство на Владата на Република Хрватска и во организација на Советот за национални малцинства на Р. Х., при што шеснаесет малцински заедници, сојузи, унии и културни друштва го претставија своето национално културно богатство и наследство, а за прв пат, како гости настапија и Ансамблот на народни игри и ора “Ладо”.

Поздравно слово на посетителите упати Александар Толнауер, претседателот на Советот за национални малцинства, а особено ги поздрави потпретседателката на Владата, Јадранка Косор, како и советникот на претседателот Стјепан Месиќ, проф. д-р Синиша Таталовиќ, амбасадорите и членовите на дипломатскиот кор, претставникот на ОЕСС во Р. Х. и други. Толнауер при тоа ја нагласи улогата на националните малцинства во Хрватска, која културна активност е препознатлива во овие 10 години и која ќе ја претставаат на оваа јубилејна вечер, но мора да се истакне и богатата издавачка дејност на малцинските заедници кои издаваат многу книги и списанија.

Во името на Владата, на присутните им се обрати неговата потпретседателка Јадранка Косор, која, меѓу другото рече:



*Дел од државниот врв на Р. Хрватска*

“Zadovoljstvo mi je u ime predsjednika Republike Stjepana Mesića i osobno, pozdraviti sudionike ovogodišnje manifestacije. Kontinuitet ove manifestacije pokazuje da se promicanju manjinskih, odnosno nacionalnih prava, koja pripadaju u temeljna ljudska prava, u Hrvatskoj daje veliko značenje, premda zaokupljena kompleksnim pitanjima tranzicije i sanacijom posljedica rata, R. H. našla je snage upravo na tom zahtjevnom području ostvarivanja ljudskih prava učini iznimne korake, sve do donošenja i primjene Ustavnog zakona o pravima nacionalnih manjina. Kulturno stvaralaštvo u tome je smislu od velike i presudne važnosti. Kultura sabire u sebi velik dio identiteta svake nacionalne zajednice, a ne misli se samo na glazbeno i plesno stvaralaštvo, nego i na običaje vezane uz svakodnevicu, tradicije vezane za vjerski život, na pisanu baštinu i usmenu predaju, na društveni moral i običaje. Sve se to ne događa izdvojeno, nego u općem društvenom kontekstu, sa svim onim što identificira kulturu većinskog, hrvatskog naroda.

Blizu smo izbora zastupnika u Hrvatskom saboru, pa je važno istaknuti mogućnost i potrebu političke zastupljenosti nacionalnih manjina u istom, čime su nacionalne manjine uključene u politički život društva i države.”

Со настапот на фолклорните, пејачките и музичките групи се редеа танци, песни и звуци овенчани со спектар на бои, везови и носии од далечната на север Русија до топлиот југ – Македонија и светските Роми и Евреи. Нивната изведба, распеаност и убавина беше секогаш дочекана и испратена со аплауз.

Заедницата на Македонците ја претставија МКД “Македонија” од Сплит и МКД “Илинден” од Риека. Нивните играорни и пејачки групи изведоа сплет “Соборски ора и песни од Скопско”, под водство на Олга Барбир и Ивона Дуноски, проследени со инструменталниот состав “Македо”, кој го водеше Марјан Рајиќ – Жгањер. Распеани во живописни македонски носии измамија големи симпатии кај публликата.

Приредбата заврши традиционално: сите учесници, гостите и публиката ја исполнија химната на Европската унија “Ода на радоста” со порака и желба за средба и следната година.

М. Паризоски

# ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ

## АПОСТРОФ

а) Апострофот се пишува за да се покаже дека, поради една или друга причина, отпаднал од зборот некој глас: *ќ' идам, г' удри, држ' го.*

б) Со апостроф се предава и темниот вокал што се среќава во некои дијалектни зборови: *п'но* (полно), *в'к* (волк), *в'на* (волна), *б'а* (болва), *В'чков*.

в) И слоговното р во почетокот на зборот се обележува со апостроф пред него: *'рѓа, 'рж, 'рскот, 'Рлевци.*

## ЅВЕЗДИЧКА

а) Кога сакаме под текстот да објасниме извесен збор, тврдење, став и др., тогаш по зборот ставаме ѕвездичка над последната буква. Ако на страницата има повеќе такви објаснenија, бројот на ѕвездичките се наголемува секогаш за една повеќе.

*Во портата од еден хотел во Губернискиот Град NN влезе доста убава мала бричка*, онаква со каква што се возат ергени: пензионирани потполковници, штапскапетани**, помешчици*** што имаат докај стотина души селани - со еден збор, сите оние што ги викаат господа од средна рака.*

б) Во стручната (на пр. лингвистичката) литература ѕвездичката може да има и друга функција.

в) Место ѕвездичка се пишува и цифра над последната буква од зборот: *бричка*[1], *штапскапетани*[2], *помешчици*[3].

## НАДРЕДЕН ЗНАК

а) Надреден знак ( ` ) се става над самогласката е во кратката заменска форма *нè (тој нè виде нас)* и во прилогот *сè (му реков сè)* за да се разликуваат, на писмо, од негацијата *не (не оди; тој не не виде)* и елементот се од повратните глаголи *(тој се мие, се чешла)*.

Така, се пишува *сè уште* (не: сеуште), но *сепак* (не: се пак).

б) Надреден знак се става и над кратката заменска форма за ж. р. *ѝ* (*ѝ* реков нејзе) за разликување од сврзникот *и*: *и* тој *и* јас; влезе *и ѝ* рече.

Во печатот понекогаш се става надредниот знак и над кратката лична заменска форма за 1 л. множина *нѝ* (*нѝ* рече нам) за да се разликувала од сврзникот ни (ни тој ни јас). Тоа не е дозволено, зашто никогаш не доаѓа до двосмисленост.

## ДРУГИ ЗНАЦИ

Во стручната литература, како што е познато, се користат и други правописни знаци. За нив овде не зборуваме.

а) Ќе спомenеме само дека некои инсистираат на пишувањето на акцентскиот знак при акцентските целости од придавка + именка. Така пишуваат *од другá страна, киселó млеко, црнú сливи, Киселá вода, Црна Гора* и др. Со тоа покажуваат како треба да се изговорат тие целости (за спикерите, за актерите и сл.). Како што е познато, таквото ставање акцентски знак во печатот не е потребно.

б) Лош обичај е во нашиот печат да се пишува некаков знак (најчесто положена црта или акцентски знак над *о* во именката *од* (на пр. *Тоа се врши во ôд*) за да се разликувала од предлогот *од*. Тоа е грешка, а еве зошто. Знакот со положена црта *(ô)* е знак за должина, а нашиот јазик нема должини кај вокалите (сите вокали се изговараат јасно и со еднаква должина). Ако сепак некои од какви било причини сакаат да го обележат таквото *о* во именката *од (одот)*, можат да го стават над таквото *о* нашиот надреден знак: *òд, òдот*.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Правописот на македонскиот литературен јазик*, Скопје, 1999)

Разговор со Неговото Високопреосвештенство Митрополит Европски г. Пимен

# ВЛАДИКАТА Е ВЛАДИКА 24 ЧАСА НА ДЕН

***На 27 октомври 2007 година во црквата "Св. Марко Крижевчанин" беше одбележана 15-годишнината од формирањето на Македонската Православна Црковна Општина "Св. Злата Мегленска" во Загреб. Овој свечен чин го удостои и неговото Високопреосвештенство Митрополит Европски г. Пимен, а неговото присуство го искористивме за разговор за "Македонски глас".***



**Можноста да го оствариме овој разговор за "Македонски глас" е Вашето присуство на 15-годишнината од формирањето на Црковната Општина "Св. Злата Мегленска". Како Вие ги оценувате нејзините активности?**

Како што спомнавте, 2007 е јубилејна година на оваа црковна општина. Црковната општина "Св. Злата Мегленска", во оваа јубилејна година и за нашата света Македонска Православна Свети Климентова Црква, кога се слави 40 годишнината од возобновувањето на древната охридска архиепископија во лицето на МПЦ, слави 15 години од своето формирање. Навистина 15 години и не е некој кој знае колку долг период и оваа црковна општина се вбројува во една од поновите во Европската епархија, но резултатите постигнати во овој период од нејзиното постоење се навистина завидни. Особено по потпишувањето на договорот од заеднички интерес меѓу Владата на Република Хрватска и МПЦ во 2003 година, и после доаѓањето на постојан свештеник, работите се случуваат со позабрзано темпо. Се отпочна со редовен циклус богослужби, се доби на постојано користење капелата св. Рок, потпишан е и анекс на договорот, се оствари извондредна соработка со Комисијата за односи со верските заедници, преку Фрањо Дубровиќ, со Каптол и секако, најзначајната, со град Загреб и локалното население. Плод на сите овие контакти е секако и оваа радосна вест која деновиве ја пренесоа многу од хрватските медиуми, дека наскоро можеме да се надеваме и на градба на наша Македонска Православна Црква. Оваа вест пред хрватските медиуми ја објави лично градоначалникот на град Загреб, Милан Бандиќ. Затоа како заклучок би рекол дека ова е општина која треба да послужи како пример за многу други црковни општини од нашата епархија.

Можеби сум и малку пристрасен кога зборувам токму за оваа црковна општина, бидејќи тоа е општина која прва ја посетив после моето поставување за надлежен архиерej, па секогаш ќе ми остане во драг спомен. Секогаш со радост ја прифаќам поканата да бидам гостин меѓу верниот народ наш. Едноставно, ја чувствувам взаемната љубов.

**Неодамна во Риека присуствувавте на основањето на уште една Македонска Православна Црковна Општина во Р. Хрватска. Колку овие, би рекла "истурени цркви по светот", придонесуваат кон зачувувањето на нашата вера во Бога?**

Да, пред некое време се случи и основањето на четвртата црковна општина во Р. Хрватска, во Риека. Тоа се случи на иницијатива на нашиот верен народ кој живее таму. Значењето на овие "истурени цркви по светот" како што ги нарековте, е навистина големо. Ако направиме еден историски осврт на македонската црковна и национална историја лесно ќе забележиме дека токму црквата е онаа која покрај верата,



успеала да ја сочува и националната свест, јазикот, културата, традицијата и во ситуација кога сме немале своја сопствена држава и власт. Поучени од ова историско искуство, а охрабрени од иницијативите на народот за формирање на црковни општини и бројот на луѓето што ги посетуваат богослужбите и што сè повеќе се интересираат за духовниот живот, слободно можам да констатирам дека овие "истурени цркви" многу помагаат и придонесуваат за зачувувањето на нашата вера во Бога.

**Вашата канцеларија е во шведскиот град Малме. Би било интересно да ни опишете еден Ваш работен ден.**

Седиштето на мојот кабинет се наоѓа во Малме, во Кралството Шведска, а летно време моето седиште е во Скопје, во Македонија, бидејќи голем процент од нашите Македонци кои живеат насекаде низ Европа доаѓаат во татковината и тогаш остварувам повеќе средби и сум покорисен во Македонија.

Сметам дека е невозможно да се опише еден мој работен ден, бидејќи секој ден се разликува во многу од другиот. Има денови кога постојано сум во патување и трчање од служба до служба, од средба до средба, од состанок до состанок, што може да трае со недели, а потоа да следува еден период од неколку дена кога не знам што со себе, бидејќи се случува некое затишје пред бура. На шега често знам да кажам дека моето седиште всушност е во кола, во воз или во авион, со оглед на километражата што ја минувам овие години од стапувањето на чело на богомдоверената ми епархија. Сепак станува збор за една епархија што се протега во 12 земји, од Хрватска на југ до Шведска на север, со 31 црковна опшина и со 31 различен проблем и потреби.

**Дејствувате на територии во кои мнозинството верници се католици. Како тие гледаат на нашата вера?**

Онаму каде што нè препознаваат веќе како МПЦ, главно не прифатиле како една реалност и сме развиле исклучително добра соработка, без разлика дали станува збор за доминантно католичко или протестантско мнозинско локално население. Потврда на тоа е што на многу места каде што имаме наши црковни општини, а каде сè уште не сме изградиле свои храмови, ни се дадени на користење храмови на католичката или на протестантската црква. Со нашиот домаќински однос кон овие храмови и со нашето сведочење за Христа, сме оставиле убав впечаток и кон домаќините и кон соседите, па сè почесто може да се забележи и нивно присуство на нашите богослужби. Мислам дека ова доволно јасно зборува за тоа како останатите вероисповести гледаат кон нас како православна црква.

**Кој е приватно г. Пимен?**

Ниту јас, а верувам ниту било кој вистински клерик на црквата Божја, мислам дека не може да одговори на едно вакво прашање. И тоа од едноставна причина што нашата работа не е занает со класично работно време, кое завршува во строго определено време за после тоа работно време да може да се води приватен живот. Г. Пимен како и секој друг владика е владика 24 часа на ден и едноставно веќе и не се препознава себеси во приватен живот. На пример, не смее да се случи некој човек да пријде со потреба за духовна поука или разговор, без разлика во кое време од денот да се обрати, да се отфрли со изговор дека е веќе завршено работното време. На тој човек му треба тоа во тој момент. Каков одговор утре би дале пред Бога за таа изгубена душа, што сме ја пропуштиле заради нашата приватност? Мислам дека ме разбирате зошто нема одговор на ова прашање.

Разговарала и фотографирала:
Марина А. Вујаклија

# Прослава на Божик во Хрватска

**Загреб**: И оваа година верниците на Македонската Православна Црковна Општина "Св. Злата Мегленска" во Загреб, торжествено го прославија Раѓањето Христово - Божик. Многубројните верници присуствуваа на светите Богослужби, му се поклонија на Витлеемскиот Богомладенец и својата предбожикна подготовка ја крунисаа со св. Тајна Причест. На богослужбата покрај големиот број верници присуствуваа и Данчо Петровски, советник во Амбасадата на РМ во РХ со своето семејство, Стипе Зепа, шеф на кабинетот на градоначалникот на Град Загреб, кој ги поздрави верниците од името на градоначалникот Бандиќ и им посака што поскоро да се изгради македонска црква во Загреб, пречесниот Звонимир Куреќиќ, пребендар во Загрепската Надбискупија, фра. Јуреод од братството на Фрањевачкиот самостан и Мирослав Рус.

Дополнителна радост на овој Божик беше и донацијата од Красоје Ристовски, кој ја донираше црквата да се постеле со нов теписон, за што и при оваа прилика УО на МПЦО "Св. Злата Мегленска" му изразува огромна благодарност.

Оваа година паричката во црквата и падна на нашата сестра во Христа, Вера Куновска, па и посакуваме многу здравје, среќа, мир и успех, како и просперитет на професионален план.

Д. Велинска





**Сплит**: Како и секоја година, големиот христијански празник Божик, раѓањето Христово, во Сплит се прослави со богослужба во црквата "Св. Богородица – црква Сестара Милосрдница", каде присуствуваа голем број Македонци, нивни пријатели и претставници на Католичката црква.

Светата Литургија ја одржа парохискиот свештеник, протоереј Кирко Велински, со помош на младиот член на сплитското Друштво, Иван Перак. Во полната црква со верници, отец Кирко го прочита божјето Послание од поглаварот на Македонската Православна Црква, Неговото Блажество Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан, пратено до сите македонски православни верници кои се далеку од татковината.

На крајот на богослужбата, отец Велински им се обрати на присутните со топли зборови за љубовта кон човекот која треба да ја покажуваат кон своето семејство и помагајќи им на болните, старите, сиромашните, а посебно говореше за "белата чума" на раѓањето на наталитетот меѓу нас Македонците кој се јавува како еден голем проблем во последните десетлетија.

Другиот дел од чествувањето на Божик се одржа во просториите на МПЦО "Св. Наум Охридски", каде отец Велински ја посвети водата и ја благослови понудената храна. Претседателот на МПЦО Живко Богески им го честиташе Божик на сите присутни и ги покани да се придружат на прославата за која како вистински домаќин, беше подготвил баклава и една голема торта.

В.Р.Ж.

**Риека**: Новоформираната Македонската Православна Црковна Општина "Св. Цар Константин и царица Елена" имаше пригода Новата 2008. да ја започне со прославата на Божик која со Света литургија се одржа во црквата "Св. Фабијан и Себастијан", а која ја предводеше отец Стефан Беќарски, парохиски свештеник на МПЦ од Скопје, Р. М. На почетокот отец Стефан им го честита Божик на верниците кои оваа година ја исполнија црквата,






им посака Божји благослов, среќен и благословен Божик со поздравот – Христос се роди – Навистина се роди! Потоа отец Стефан во својата литургиска проповед на верниците им пееше за радосното празнично, семејно и верничко заедништво, говорејќи им да веруваат во божиќните денови кои на верниците и на луѓето со добра волја им носат надеж и поттик во своите средини да бидат носители на мирот и солидарноста, на семејниот и општествениот среќен живот. Во пораката која ја прочита отец Стефчо од г. г. Стефан по милоста божја на Охридско-Македонскиот архиепископ, заедно со светиот архиерејски синод упатена до свештенослужителите, монаштвото и до сите духовни чеда на МПЦ, а по повод Божиќните празници, испрати благослов од Бога со поздравот "Христос се роди", и им го честита Божик и 2008-та година. Во дел од пораката стои: "Христовото раѓање е значаен настан во светската историја. Тоа е миг кога Господ се идентифицира и поистоветува со човекот, а човечката природа е прославена и воздигната до самиот божански престол."

Прославата продолжи во Македонскиот клуб каде голем дел од верниците се почестија со вообичаениот божиќни славски колач направен по "рецептот" од родното огниште.

В. Настески

**Пула**: Прославата на големиот христијански празник според традицијата почна со Бадната вечер во клубот на МКД "Кочо Рацин" со свештеникот од Скопје, Стефан Беќарски. Како и секогаш, без некој аранжман и режија, програмата и разновидните разговори од духовниот, општествениот и секојдневниот живот се одвиваа и расправаа околу масата со голем избор на македонски јадења. Времето бргу мина и свештеникот, станувајќи рече: "Ајде утре со здравје и Господ, се гледаме во 9 часот на литургија во Фрањевачкиот самостан!"

Членовите на МПЦО "Св. Јоаким Осоговски" дојдоа порано за да ја подготват црквата според нашите божиќни обичаи, па донесоа голем свеќњак, ставајќи нов песок во кој верниците ставија над стотина запалени свеќи. Изнесена е иконата "Благовест", а честа да му помага на свештеникот ја доби бизнисменот од Каштелир, Мито Златков. Светата Литургија по повод раѓањето на Исус беше врвно остварена од свештеникот Стефчо Беќарски од Скопје и педесетмината верници собрани во големава црква. Во текот на богослужбата, свештеникот ја прочита пораката и честитките на поглаварот на МПЦ, Неговото Блажество архиепископот Охридски и Македонски, г. г. Стефан и причести една од македонските вернички.

Р. Димовски



# Слободан Цветичанин, дипломиран соло пејач
# КАРИЕРА ДОСТОЈНА ЗА ПОЧИТ

*Иако сум ги испеал речиси сите т.н. "железни" – први баритонски улоги, ќе одберам две улоги. Прва е улогата на Риголето во истоимената опера на Ѓ. Верди, а втората е на баронот Скарпиа од операта "Тоска" на Ѓ. Пучини*





Оперскиот пејач, баритон, сега првенец на Операта на ХНК во Осиек, а во Новата 2008 година и директор на Операта, неодамна, со прекрасен концерт, го прослави својот јубилеј – 25 години на својата уметничка кариера. Жал ми е што немам можност преку овој наш разговор да ви го пренесам неговиот прекрасен глас од преку петстотината настапи што ги остварил од Скопје до Осиек, па затоа се надевам дека прашањата и одговорите ќе ви го доближат овој врвен уметник.

**Неодамна го прославивте својот јубилеј – 25 години уметничка кариера. Беше ли тешко или само убаво четврт век да се биде доминантен на концертната и оперската сцена?**

Денес кога ќе се сетам на моите почетоци, имаше и тешки моменти, меѓутоа она убавото во музиката ме мотивираше да истрајам и ми помогна да станам доминантен во мојот баритонски фах. Задоволен сум како се одвиваше мојата кариера и со статусот што го постигнав – првенец на Осиечката опера.

**Своите студии ги завршивте на Музичката академија во Скопје, а потоа неколку години бевте член на Операта при МНТ. Во каков спомен Ви е останат тој период?**

Студиите ги завршив, односно дипломирав соло пеење со одлична оценка кај врвниот педагог и првенец на скопската Опера проф. Благоја Николовски кој ми го даде занаетот в раце. Паралелно дипломирав и на Отсекот за музичка теорија и педагогија – насока хорско диригирање, кај професорот Драган Шуплевски. Така, како комплетен музичар се докажав и во овие изминати 25 години. По дипломирањето воспоставив соработка со Операта на МНТ, како солист гостин, на некој начин слободен уметник, каде исполнував исклучиво баритонски партии од прв фах. Целиот тој комплетен период ми остана во многу убаво сеќавање. Го засакав Скопје, како градот, така и луѓето. На крајот и сопругата ми е Скопјанка, нашата еминентна пијанистка, сега професорка по клавир на Осиечката Уметничка Академија.

**Знам дека мајката подеднакво ги сака сите свои деца. Но, можете ли да ни кажете која оперска улога Ви е најдрага?**

Многу, многу тешко прашање. Иако сум ги испеал речиси сите т.н. "железни" – први баритонски улоги, ќе одберам две. Прва е улогата на Риголето во истоимената опера на Ѓ. Верди, а втора на баронот Скарпиа од операта "Тоска" на Ѓ. Пучини. Сепак, имам една неотпеана улога, што ми е голема желба што побрзо да ја отпеам, а тоа е Јаго од операта "Отело" на Ѓ. Верди. Со тоа мислам дека мојот оперскиот репертоар ќе биде целосно заокружен.

**Секој уметник има свои идоли или уметници кои сака да ги достигне. Кои се Вашите?**

Уште како студент, професорот ни всади навика постојано да слушаме оперски арии и задолжително да посетуваме оперски претстави. Постепено, со слушање на плочи и касети на врвни пејачи, го искристализирав баритонот по име Шерил Мајлс, Американец. Иако не е Италијанец, имаше убава белканто фраза, волуминозен глас и сé што сакав еден ден да имам јас. Во разговор со професорот и колегите дознав дека тој бил моментално прв баритон во светот и дека пеел многу со Лучиано Павароти, Џоан Сатерленд, Мирела Френи и т.н. Значи и тој ми беше идол, кој ми помогна да бидам на вистинскиот пат во развојот на мојата кариера. А дали барем и приближно ќе бидам како мојот идол ќе покаже времето, односно останатиот дел на мојата кариера. Па, зарем не сум на половина пат?!!!!



**Од 1989 година па сé до денес сте член и првенец на Операта во Осиек. Зошто токму Осиек го избравте за своја животна и професионална дестинација?**

"Виновник" или виновен за тоа беше диригентот од Осиек Антун Петрушиќ, кој 1987 година беше уметнички директор на Операта на МНТ. Во тоа време зад себе имав веќе пет години солистичка кариера, како концертна така и оперска. Со оглед на тоа дека бевме една држава, диригентите, музичарите и оперските солисти многу повеќе соработуваа. Петрушиќ беше многу задоволен со мене, со соработка на пробите и на представите (во операта "Еро од оној свет" од Ј. Готовац), па сакаше и понатаму да соработуваме. Ми понуди да дојдам во Осиек бидејќи имаа потреба за солисти. Дојдов на аудиционен концерт (1988) во прекрасната сала на Операта каде сите беа одушевени со мојата интерпретација на две оперски арии, па стапив во анганжман (1989) и останав сé до денес.

**Како македонски зет често настапувате со членовите на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек. Како еден оперски пејач ги чувствува македонските песни?**

Иако по националност сум Србин, роден во Ниш, во Македонското културно друштво во Осиек сум од неговото основање (22.10.1994) и нормално е како уметник да помагам на полето на музиката. Настапував заедно со супругата Јагода која ме пратеше на клавир на првите "Денови на Кочо Рацин", одржани во Самобор 1994, и на манифестацијата "Културно творештво на национални малцинства" во Лисински во Загреб 1998-та, при што ја изведовме песната на Трајко Прокопиев "Смртта на Гоце" на текст од Гане Тодоровски. Го прифативме овој настап со голема чест, бидејќи ние уметниците сме емисари на културата и културни водачи на малцинствата што ги претставуваме. Истата песна ја изведовме и во 2004 пред авторот на текстот, академикот Гане Тодоровски, во чест на неговиот 75-ти роденден, а во рамките на манифестацијата "7. Денови на браќата Миладиновци" во Осиек и Ѓаково. Сакам да истакнам дека и на Југословенскиот натпревар на уметници одржан во Загреб (1989), покрај третата награда од еминентниот жири, бев добитник и на специјалната награда за интерпретација на Југословенско дело, токму за песната "Смртта на Гоце". Ете, тоа се корените меѓу Македонското друштво и мојата маленкост. Но, да се вратам на вториот дел од Вашето прашање. Македонските изворни народни песни се нешто прекрасно. "Зајди, зајди јасно сонце", "Лихнида кајче веслаше", "Калеш Анѓо" и многу други, во себе имаат нешто што покренува од дното на душата, а бидејќи ние оперските пејачи сме посебно чувствителни, ги интерпретираме и на еден друг посериозен, да речам, оперски начин.

**Со желба да бидеме сведоци и проследувачи на Вашиот следен јубилеј, на крајот од овој наш разговор кажете ни дали музиката, оперските арии, подготовките и изведбите на оперите… стопостотно ја исполнуваат Вашата уметничка душа или имате и некоја друга љубов?**

Сé што наброивте во прашањето е точно. За музиката сум се школувал речиси шеснаесет години. Тоа е мојот живот, од музиката живеам, а мојата уметничка душа е стопроцентно исполнета. А дали имам и друга љубов? Па, повеќе тоа би го нарекол како хоби: во слободното време кога го имам, следам спорт и се занимавам со финансии. Хонорарно работам за една германска фирма како финансиски советник. На крајот би ги спомнал моите родители, особено татко ми, кој како оперски солист во Нови Сад ме "зарази" со мојот професионален избор. Но, се вели дека зад успешниот маж стои жена. Се согласувам дека е така, но би додал, дека и целото семејство е заслужно за овој и следните јубилеи.

М. А. – Вујаклија

# Гостување во Македонија





Сплитското МКД "Македонија" и Театарот на младите од Сплит од 6 до 9 септември 2007-та организираа седумдневно гостување со две претстави и настап на пејачката група "Македонија" и оркестарот "Македо" во Македонија, во градовите Скопје, Штип и Битола. Патувањето почна веднаш по настапот во "Лисински" на полноќ, но и покрај напорниот ден, песната не престана до долго во ноќта. Следниот ден беше слободен за прошетка по Скопје, па Сплиќани го посетија Камениот мост, врска меѓу старото и новото Скопје, Старата чаршија, прекрасна и незаборавна, а потоа групата ја виде панорамата на градот од Водно од каде "пука" прекрасен поглед на градот и околијата. Воедно групата ја посети и црквата "Св. Пантелејмон" во с. Нерези, каде можат да се видат фрески од 12. век.

Другиот ден, претседателот на МКД "Македонија" и на Заедницата на Македонците во РХ, Ангел Митревски, во работниот дел на гостувањето се сретна со претставниците на Координативното тело за иселеници при Министерството на надворешни работи на Владата на Р. Македонија, при што беа водени костурктивни разговори за унапредување на соработката на македонското малцинство со матичната татковина. Исто така, се оствари средба и со Неговата Екселенција Кујунџиќ, Амбасадорот на Р. Хрватска во Скопје, како и со претседателката на Заедницата на Хрватите во Р. Македонија, Тројачанец, на која се водеа разговори за унапредување на соработката на двете Заедници, посебно по потпишувањето на "Спогодбата за правата на националните малцинства" меѓу Македонија и Хрватска.

Вечерта на, во Театарот за деца и младинци во Скопје, пејачката група и оркестарот на МКД "Македонија" настапија со македонски и далматински песни, а младата пејачка Андреа Листеш ја исполни песната "Јано мори", која ги воодушеви присутните. Во продолжение на програмата, Театарот од Сплит настапи со претставата "Поштарска бајка" и на тој начин ја возврати посетата на Скопскиот театар кој беше нивен и наш гостин во Сплит.

Гостувањето во Штип траеше два дена и се совпадна со прославата на Градот Штип - 8 ноември. Сите учесници беа сместени во хотелот "Овче Поле" во Свети Николе, каде актерите ја одиграа претставата "Поштарска бајка". На приемот кај градоначалникот Панде Сарев, присуствуваа Ангел Митревски, Виолета Рајиќ-Жгањер и претседателот на МПЦО "Св. Наум Охридски" од Сплит, Живко Богески, а во разговорот беше договорена подобра соработка меѓу Штип и Сплит на секое поле, посебно во продлабочувањето на стопанските врски. Останатиот дел од денот гостите го искористија за посети на цркви и Музејот на градот. Театарот од Сплит настапи со две претстави во Штипскиот театар.

На 9 септември 2007-та Сплиќани го посетија Крушево и гробот на Тоше Проески, при што сите беа воодошевени од прекрасната глетка на овој историски град. И покрај тагата во срцето и солзите во очите на гробот на Тоше големите букети цвеќе ја поттикна жалоста за прераната смрт на младиот пејач, а силината на емоциите ги зголеми студеното предвечерје. Потоа беше посетен споменикот на Крушевската Република, каде делегацијата се запиша во книгата на спомени.

Следниот ден гостите од Сплит престојуваа во Охрид каде разгледаа неколку културно-историски споменици: црквите Св. Богородица–Каменско, Св. Климент, Св. Богородица Перивлепта, Античкиот театар, Самоиловата тврдина, Св. Климент на Плаошник, Св. Софија и Св. Јован Канео и уште многу убавини на охридската архитектура.

Во Битола претстојуваа последните два дена. Домаќин им беше конзулот на Р. Хрватска во Р. Македонија, Бранко Маретиќ. И тука Сплитскиот театар ги одигра своите претстави, а пејачката група настапи со својата програма. При посетата на Битола Сплиќаните ја посетија и Хераклеја и Музејот на градот, а на Пелистер се сретнаа и со првиот снег.

И покрај напорното седумдневно патување, членовите на МКД "Македонија" и Театарот на младите од Сплит се вратија дома полни со впечатоци, спомени и задоволство што беа учесници на оваа меѓудржавна културна соработка, која е еден од начините на зближување на македонскиот и хрватскиот народ, а особено на градовите–пријатели Штип и Сплит.

В.Р.Ж.

# ТРИУМФ НА ТИКВЕШКИОТ “НЕКТАР”

***Виното се раѓа во лозјето, расте на лозата, созрева во винарската визба, спие во шишето и се буди на масата. Тоа е животниот пат на виното, еден од најстарите лекови за стомакот и душата. Виното и љубовта се пријатели, добро одат заедно. Латините пак, со својата изрека “In vino veritas”, зборувале дека во виното е вистината. А кога ние зборуваме за вистинско, чудесно моќно македонско вино со спој на традиција и врвен квалитет, зборуваме за вината “Тиквеш”.***






Свечената презентација на македонските вина на винаријата “ТИКВЕШ“ во Хрватска се одржа на 9 ноември 2007 година во ресторанот “Коњички клуб Трајбар” во Запрешиќ, кој понуди незаборавен амбиент со специфичен спој на мириси и вкусови на внимателно одбраните јадења и вина, спој на хрватскиот дух и македонската традиција на забава, дружење, музика…

Салата на ресторанот беше прекрасно уредена и подготвена да ги прими сите гости кои посакаа за свое задоволство да го почувствуваат тој раскошен македонски гроздов производ. Меѓу гостите, покрај домаќините од винаријата “Тиквеш”, генералниот директор на винаријата “Тиквеш” Ѓорѓи Петрушев и многу други, можеа да се сретнат и неколку бизнисмени на фирми од трговските ланци во Хрватска во кои се продаваат и Тиквешките вина, “Робиќ” д.о.о. и други. Присутни беа и гости од агенцијата “Идеа Плус” од Скопје, но и многу други познати естрадни личности како што се Рака Мариќ, Борис Новковиќ и Ибрица Јусиќ.

Презентацијата ја отвори сопственикот на “Тиквеш“ Светозар Јаневски, кој ги поздрави гостите и им посака пријатна вечер. Тој зборуваше за големите признанија и награди кои винаријата “Тиквеш“ ги има добиено, меѓу другите, и на меѓународниот саем во Лондон за своите автохтони вина од серијата “Special Selection”, а кои оваа вечер им се нудат на гостите, и дека винаријата “Тиквеш” претставува симбол на производство на високо квалитетни вина кои пленат не само со мирисот и вкусот, туку и со модерниот дизајн на шишињата и етикетите. Вина од лоза со љубов негувана и радост натопена. Вина со тајна сочувана, горчливи и благи како и животот. Вина со мирис на југот, кои се по мерка за секоја прилика и за секоја трпеза, за секој џеп и за секој пазар, па и за хрватскиот. Иако патот на производство на виното е трновит и долг, сепак, со помош на идеалното климатско поднебје, плодното тло и стручните енолози, а се разбира, и со помош на заштитникот на виното Св. Трифун, на винаријата “Тиквеш” и се насмевнува успешна иднина.

Целата презентација беше проследена со звуците на разиграната музика во која љубителите на виното, видно добро расположени, навистина уживаа. Питкиот Тиквешки “нектар” и вкусната храна, со своите песни ги “зачинија” познатата македонска естрадна дива Калиопи и домашната групата “Spice Grills”. Се танцуваше и забавуваше до раните утрински часови.

Една поговорка вели: “Ако сакаш добро да запознаеш некој народ, седни на неговата маса и пиј од неговото вино.” Со претставените вина “Riesling”, “Temjanika” и “Chardonnay” од серијата “Special Selection”, и “Vranec” и “Cabernet Sauvignon” од серијата “Limited Edition”, можеше да се почувствува само дел од приказната за една цивилизација, историја, за напорите и љубовта на луѓето кои ја создавале… да се почувствува единственоста на земјата од која потекнуваат… од Македонија.

На заминување, за сите гости беа подготвени подароци, по шише Тиквешки “Merlot” и компакт диск од концертот на Калиопи во Скопје. За спомен на една легенда која со векови трае, за спомен на една незаборавна винска вечер.

Текст и фото: Е. Петровска

# СЕЌАВАЊЕ



На 28 декември 2007-та, со христијански црковен обред на нашиот свештеник, протоерej Кирко Велински, во капелата на пулските гробишта "Монте Циро", роднините, членовите на МПЦО "Св. Јоаким Осоговски" и МКД "Кочо Рацин", бројни познати и пријатели, се опростија со нашата почината сонародничка, Менка Филиповска. Беше родена на 1 март 1943 година во селото Мраморец, Охридско, во повеќечлено земјоделско семејство. Менка, чувствувајќи ги маките на сиромаштијата, со голема решителност се одлучила на целосни промени, па во 1969-та со две мали деца, 9-годишната ќерка Костадинка и 7-годишниот син Филип, дошла во Пула и се вработила во "Пуљанка" во хотелот "Пула", каде и го заврши својот работен век.

Од првите денови на организирањето на Македонците во Пула и Истра, активно членуваше во МКД "Кочо Рацин" и МПЦО "Св. Јоаким Осоговски". По краткото и тешко боледување, кое со ведриот дух и дружењето го оставаше "зад себе", сите непријатно ѝ изненади и нажали нејзината смрт, но најмногу нејзините Зоран, Тале, Баже, Сања и Борис, како и правнуците Миле и Кристина, кои бескрајно ги сакаше.

Р. Д.




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕН РЕКЛАМЕН ПРОСТОР ВО МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш "Македонски глас"

## ПРЕТПЛАТА НА МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на заедницата е: 2340009-1100038804, а матичниот број: 3805760) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина, изнесува 40 куни годишно, додека пак претплатата на ова наше списание во странство, се разбира со платена поштарина, изнесува 80 куни годишно или 11 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

# ИЗБОР ОД ОПУСОТ НА ТОШЕ ПРОЕСКИ

## Игри без граници

*Да можам бар да се разбудам*
*Во свет на љубовта без стари долгови*
*И тие сеништа*
*Во чекор што ме демнеат...*

*Да можам бар да те прегрнам*
*Да не се сеќавам на студој есенски*
*Оние патила*
*Што токму нас не следеа...*

*А мојот живот – игри без граници*
*Уморна приказна скинати страници*
*Празни неиспишани...*
*А мојот е вечно паѓање*
*Сé да се собере – пораз ќе остане*
*Навики стари во мене...*

*Да можам бар да те разбудам*
*Со кафе утринско во кревет заедно*
*Па да те бакнувам*
*Тоа го нема одамна...*

*Да можам бар да се заљубам*
*Во мала селанка на росна ледина*
*Небесно висока*
*Надолу да не догледувам...*

*А мојот живот – игри без граници...*

## Ангел си ти

*Од утро до мрак во мисливе*
*На почетокот наш се сеќавам*
*Кога од сон ме разбуди*
*Со погледот душа ми отвори...*

*Посакав миг да те имам*
*И вечно крај мене да си ти*
*А кога љубов ми подари*
*На душа белег ми остави...*

*Ангел си ти јас пеам за тебе*
*Ангел си ти те чувам во себе*
*Ангел си ти кој само за мене*
*Може да запре и време...*

*Патот по кој сега чекорам*
*Со рози е послан и нема крај*
*А кога јас ќе те прегрнам*
*Сенките две ко една се знај...*

*А љубовта обична*
*Ја смени во посебна*
*Ти си мојот благослов*
*Кому давам сé во животот мој...*

*Ангел си ти јас пеам за тебе...*

## Синот Божји

*Ти си ми сé што имам во овој час*
*Кон тебе саноќ некој ме води глас*
*Мојот поглед жедно очи ти пие*
*Златен ангел во нив сонот го крие*
*Штом сонот ќе го сретнеш ќе дознаеш*
*Во него ноќва ќе ме препознаеш*
*Тогаш синот божји ќе се роди*
*До мене низ сонот да те води...*

*Господ е вечен, вечна си ти,*
*За мене друга не постои,*
*Никој ко мене не може толку,*
*Толку силно да те сака...*

*Те љубам се од солзи те сонувам*
*Во бурите од страсти потонувам*
*Гласот божји еве пак се гласи*
*Сонот верно чека да ме спаси...*

*Господ е вечен, вечна си ти...*

*Тоа без компас кон тебе броди*
*Него ноќва сонот ќе го води*
*Сонот ноќва него ќе го води...*

## Ѕвездо севернице

*Ѕвездо севернице,*
*Ноќва на небо што сјаеш*
*Дали љубовни немири*
*Можеш ти да познаеш?*
*Ѕвездо севернице,*
*Дај ми крила да се вивнам*
*И во твоите небески царства*
*Јас да пристигнам*
*Од таму*
*Да видам дал' крај пенџере*
*Мила коси чешла*
*Ветерот дури лик и милува...*

*Крила дај*
*Ѕвездо јас да летнам*
*На нејно*
*Пенџере да слетам*
*И во ноќта нежно да ја допрам*
*Мојта љубена...*

*Ѕвездо, помогни ми*
*Дај ми крила да се вивнам*
*И во твоите небески царства*
*Јас да пристигнам*
*Од таму*
*Да видам дал'*

*Мојта љубена крај пенџер*
*Косите ги расплела*
*Дур' ветер лик и милува...*

*Крила дај...*

## NEKA BUDE DOVIĐENJA

*I nikad ništa više*
*neće biti isto,*
*ni sunce ni zvijezde*
*neće isto sjati.*
*Prestalo je kucati*
*jedno srce čisto,*
*tuga je prevelika*
*koja nas prati.*
*Bože, samo ti znaš*
*razlog svoga suda,*
*nekad uzmeš, nekad daš,*
*mistična su tvoja čuda.*
*Sada samo pjesma osta*
*u boli da nas spaja,*
*jedna suza more posta*
*na putu do raja.*
*Bože, snage nam daj*
*u ljubavi izgubljena,*
*umjesto zbogom za kraj*
*neka bude doviđenja.*
*Anđelu, raširi krila*
*i odleti u mirne snove,*
*laka ti zemlja bila,*
*nebo te sada zove.*
*Pjesmom što je stvori*
*neka traju uspomene,*
*za tebe svijeća ova gori*
*i crvena ruža vene.*

Elizabeta Petrovska

# Zorka Jekić, spisateljica
# KNJIGE SU U MOJOJ GLAVI



Rođena je 1952. godine u Brnjeuškoj, općina Glina, R. Hrvatska. Diplomirala sociologiju i filozofiju na Filozofskom fakultetu Sveučilišta u Zagrebu. Živi u Zagrebu i radi u struci kao profesor u jednoj srednjoj zagrebačkoj školi.

Objavljuje već od svoje 17. godine. Zbirka pjesama Ruka pored ruke izašla joj je 1995., 2000. izlazi joj prvi roman Zlatni ključ, 2001. roman Julijanina marama, 2002. Svemir diše, pa 2006. Zatišje u Europskoj obećanoj zemlji.

Njen opus uistinu je impozantan. A sama kaže: “Moje knjige su u mojoj glavi i lako ih oblikujem, prenosim na papir i objavljujem.”

Uvijek nasmijana, s pozitivnom energijom što zrači iz njenih očiju, radna, odana i svojim učenicima i svojoj obitelji i svojim prijateljima. Žena i autorica koju bi svi htjeli imati u svom društvu.

Prije objavljivanja njene slijedeće knjige razgovaramo s gđom Zorkom Jekić o njenom stvaralaštvu, ljubavi prema životu i ljudima oko nje, privatnosti...

**Što je jednu profesoricu sociologije i filozofije koja je diplomirala na Filozofskom fakultetu Sveučilišta u Zagrebu potaklo da piše poeziju i prozu?**

Zadivljenost ljudskom osobom. Svatko od nas je svijet za sebe. Jedinstven i neponovljiv. Bogatstvo nad bogatstvima. Kad prolazimo kroz život otvorenih očiju upoznajemo ljude i njihove svjetove. Često nas dirnu te ljudske sudbine i nužno suosjećamo s tim ljudima. Svjesni prolaznosti, svjesni kako vrijeme sve prepušta zaboravu, često poželimo sačuvati neki trenutak. Možda zabilježiti nešto, nešto što ima općeljudsku vrijednost. I to je dobro. Jer svatko od nas gleda iz određenog kuta. To je bogatstvo individue i društva. Sagledavajući svijet sa svog aspekta, svatko od nas, donosi svoj kamenčić u velikom mozaiku kulture… Moje filozofsko i sociološko obrazovanje pomaže mi u sagledavanju svijeta, društvenih tokova i pronicanju u ljudsku psihologiju. Ipak, kad pišem, uvijek pišem kao čovjek što suosjeća s ljudima i njihovim sudbinama.

**Koliko je godina trebalo da se sroči Vaša prva knjiga poezije: “Ruka pored ruke”?**

Moram priznati da ne znam koliko je to trajalo. Naime, ja pišem romane, a pjesme me obuzimaju. Roman Julijaninu maramu pisala sam skoro deset godina. I tako, dok sam pisala roman, pjesme su dolazile. U nekom trenutku ponese me neki osjećaj i rodi se pjesma. Tako, sve moje pjesme su nastale dok sam pisala romane.

**Koliko u onoj ljubavi što ste napisali u romanu Julijanina marama potiče iz Vašeg osobnog iskustva u ljubavi? Odakle ste “crpili” ovu priču?**

Poticaje za priče dolaze iz života. Pišemo ono što mislimo da je važno. Ono što je važno to je i lijepo. Lijepo je ono što nam je drago. Što nam je blisko. Vraćamo se opet na vlastito iskustvo. Julijanina marama je pokušaj da se sačuva jedan kulturni milje (milje sela i malog grada) između 60-tih i 70-tih godina XX. stoljeća. U tom romanu sam pokušala sačuvati sustav mišljenja i vrijednosti tog miljea, narodno jezično blago, narodne poslovice, čak i strukturu rečenice…

Riječ je o malim ljudima i njihovim sitnim životima. Samo naoko malim. Za mene su to veliki i bogati životi. Mudri i hrabri s visokim nivoom moralne svijesti živjeli su svoje, često, i ne baš lake živote.

Kad je roman objavljen i brzo rasprodan (bez ikakve reklame), ljudi su mi pisali dirljiva pisma, istinski dirnuti sudbinama ljudi iz romana, telefonirali… Nisu to bili samo ljudi koji potiču iz Gline, Petrinje, Siska… nego iz Slavonije, Istre, Zagorja i drugih krajeva. To mi je bilo drago. Jedna žena iz Istre mi je rekla: “Tako ste dobro opisali naš kraj“.

**Koji su tiraži Vaših knjiga i koja je Vaša procjena, u koliko primjeraka bi se trebala tiskati Vaša knjiga?**

Na žalost, mi smo malo tržište. Kad uzmete broj stanovnika, obrazovnu strukturu, kupovnu moć… lako je zaključiti da se treba početi s malom nakladom. Sve moje knjige su tiskane po 500 primjeraka. Doduše, sve su rasprodane. Za Julijaninom maramom je veliki interes i u pripremi je drugo izdanje. Prevedena je i

na francuski, u pregovorima sam s nekim francuskim izdavačima.

**Za Vas se može reći da ste plodna i uspješna spisateljica. Ali od pisanja na ovim prostorima se ne može živjeti. Kako zarađujete za svoj "kruh nasušni"?**

U školi. Volim raditi s mladim ljudima, pomagati im u njihovom odrastanju i njihovom obrazovanju. Posebno cijenim dijalog s njima. Uvijek me vesele uspjesi mojih učenika, a ponosna sam na svakog od njih.

**Kad ne pišete, kad niste na satovima u školi – što radite?**

Šetam!!! Čitam, slušam muziku, najviše operu i klasičnu... Kad imam vremena brinem se za svog unuka Iliju.

**Što Vas u životu čini sretnom?**

Preosobno. Susreti i druženje s ljudima oko mene.

**I na kraju, možete li nam reći koliko je Vaša porodica pridonijela Vašim spisateljskim, nastavnim i obiteljskim uspjesima?**

Moji u obitelji imaju puno razumijevanja za mene. Kad se zatvorim u sobu puste me na miru. A kad izađem napravim sve što je u opisu dužnosti jednog člana obitelji.

**Što novo u skoroj budućnosti možemo očekivati od Vašeg spisateljskog pera?**

U tisku mi je moja nova zbirka poezije "Tišine". I pišem novi roman, kome još ne znam naslov, a nadam se da će izaći 2008 godine.

Marina Apostolovska – Vujaklija

**Pjesma iz zbirke poezije "Svemir diše"**

**SOBA ISPUNJENA NAMA**

*Na kraju zamornog dana*
*tvoje ruke počivaju na radnom stolu*
*kroz otvoren prozor dopiru zvuci flaute*
*pomiješani s glasovima ptica*
*neko dijete vježba*
*ptice se s njim nadmeću*
*zaustavlja se ljetno predvečerje*
*topao zrak struji i miluje nas*
*poput stidljivog ljubavnika*
*zidovi su opterećeni nevažnim*
*soba je ispunjena nama*
*na stolu slika žene s psom*
*na nekoj dalekoj obali*
*sjećanje na jedno putovanje*
*ljubav i stvarima daje vrijednost*
*pretvarajući obično u posvećeno*



# ПРЕДИСТОРИСКИ ДАМИ ОД МАКЕДОНИЈА

Соработката помеѓу Музејот на Македонија од Скопје и загрепскиот Археолошки музеј на некој начин стана традиција. Таа соработка продолжи со изложбата со интригантен наслов, ПРЕДИСТОРИСКИ ДАМИ ОД МАКЕДОНИЈА од авторот Ирена Колиштркоска Настева, која во Археолошкиот музеј во Загреб беше отворена на 27 ноември 2007-та.

Во предговорот од Каталогот, директорот на загрепскиот Археолошки музеј Анте Рендиќ-Миочевиќ, меѓу другото назначи:

- Одбраните изложени фигури, карактеристични женски идоли, неолитички и енеолитички македонски "дами", на многу јасен начин ја оцртуваат состојбата на духовниот живот на предисториските жители на просторот на денешна Македонија. Посебно е нагласен посебниот статус што жената, најпотполно во ликот на Велика Мајка, тој вечен и незаобиколен култни симбол на многу предисториски цивилизации, го уживала во духовниот живот и во односите во општеството на неолитичкиот и енеолитичкиот период. Изложените примероци потекнуваат од 6 до 3 илјади години пред Христа и на најдобар начин го потврдуваат исклучителното ликовно рамниште на тие завидни уметнички достигнувања.

Потоа, директорот Рендиќ се обрати до гостите од Македонија и посетителите:

– Zadovoljstvo mi je uputiti dobrodošlicu svima koji ste se večeras okupili u prigodi otvorenja izložbe znakovita naslova "Pretpovijesne dame iz Makedonije", koju smo u Zagrebu postavili u suradnji s Muzejom Makedonije iz Skopja. Dužnost mi je ipak upozoriti na činjenicu da je skopski Muzej rasadište dragocjenih svjedočanstava bogate i iznimno zanimljive makedonske prošlosti.

Ирена Колиштркоска Настева ги поздрави гостите со зборовите:

– Pretpovijesne dama iz Makedonije su male figurice, najčešće izrađene od terakote, koje simboliziraju dio pretpovijesnog bogatog duha i života na tlu Makedonije. One nam govore koliko mnogo je značila žena u njihovom životu. Figurice su stilizirane, ali imaju atribut žene, božice kuće, simbol plodorođa i majka obitelji. И благодарам и на Заедницата на Македонците во РХ за поддршката во сферата на археологијата. Уживајте во дамите!

Градоначалникот Милан Бандиќ расположен, рече:

– Dragi ljubitelji umjetnosti, ovo je plod suradnje krovnih institucija Makedonije i Hrvatske, Skopja i Zagreba.

Потоа беа разменети подароци, а на дамите од Скопје им беше подарено цвеќе и примероци од списанието "Македонски глас".

Изложбата ќе биде отворена до 27 март 2008 г.

М. Паризоски



# ЗАГРЕБФЕСТ ‘07



*Костадинка Велковска, Тони Етеровиќ и Лидија Кочовска*



*МаркоС*

Фестивалот на забавна музика “ЗАГРЕБФЕСТ ‘07”, оваа 2007 година по 54. пат се одржа на 21 ноември во концертната сала Ватрослав Лисински во Загреб, под уметничкото водство на Хрвоје Хегедушиќ. Овој загрепски фестивал за прват е одржан во 1953 година и еден е од најстарите и најдолговечни фестивали во Европа, заедно со Санремо и Евросонг. Тој во изминатите педесетина години беше неизбежен настан во музиката, афирмирајќи ја забавната музика како културен феномен и обликувајќи го регионалниот и националниот музички израз. Но, оваа година, Загребфест “стави” ново руво, иако го задржа најдоброто од своите претходни изданија: фестивалскиот оркестар и придружните вокали составени од врвни музичари, свиреа во живо.




Овогодишен покровител на “ЗАГРЕБФЕСТ ‘07” беше Град Загреб, а медиумски покровител Радио Сљеме. Премиерно беа изведени 14 нови композиции одбрани на конкурсот на организаторот на фестивалот, Хрватското друштво на композитори, кои конкурираа за фестивалски награди. Изведувачи на новите композиции беа: Матеј Оцвирк, МаркоС, Есмералда Кресина, Анте Тони Јанковиќ, Данијела Пинтариќ, Марко Томасовиќ, Влатка Гракалиќ, Жељко Крушлин, Невена Ереш, Горан Каран, Дражен Жанко, Гарсиа, Краљеви улице, и нашата позната македонска пејачка Лидија Кочовска, која се претстави со композицијата од Тони Етеровиќ и Марина Анѓелковиќ, “Остајем овдје”.

Во ревијалната програма со ретро-атмосфера, новите композиции ги презентираа седум истакнати естрадни ѕвезди кои отпејаа по една од своите познати песни: Дарко Домијан, Ибрица Јусиќ, Владимир Кочиш, Зденка Ковачичек, Масимо Савиќ, Маја Благдан и Габи Новак. Фестивалот го водеше Барбара Колар, а со фестивалскиот Ревиски оркестар дигираше Јосип Цвитановиќ.

Во паузата, додека жири комисијата на Хрватското друштво на композитори составена од Звонко Шпишиќ, Хусеин Хасанефендиќ Хус и Борис Новковиќ ги пребројуваа гласовите за наградите, се изведе куса програма во чест на 80-годишнината од раѓањето на двигателот на Загрепското училиште на шансоната и еден од најдобрите хрватски композитори, Перо Готовац.

Жирито ја награди “Једноставно” (Есмералда Кресина) за најдобар текст на Инес Прајо и “Пусти оток” (Дражен Жанко) за најдобра композиција. Наградата од публиката “Grand Prix” заслужено ја доби младиот дубровачки дебитант Стијепо Глеѓ МаркоС за композицијата “Моја прва загребачка љубав” од композиторот и аранжер Ѓело Јусиќ и текстописецот Недо Зубан, за која публиката го награди со бурен аплауз.

Текст и фото: Е. Петровска

# СВЕТИ НИКОЛА




На 19 декември целиот православен свет му принесува топли и искрени молитви на Господа Исуса Христа преку големиот заштитник на вистината евангелска, правдата помеѓу луѓето, кој бил дивен, меѓу светителите и угодниците – Св. Никола. На тој ден во секој православен дом гори кандило пред неговиот светол лик, како симбол на вечноста, величајќи го неговото свето и богоугодно дело, молејќи му се да биде покровител и заштитник на нашите домови и чеда. Целиот негов живот беил посветен на Господа Исуса Христа и Неговата божествена љубов спрема малиот, бедниот и онеправдениот човек. Роден е во Патара во Ликија, од многу богати и угледни родители, Теофан и Нона, син единец подарен од Бога, но родителите го посветуваат на Бога, на кого тој му служи како верен пастир, проповедник и ревносен исполнител.

Богоугодните дела на следбениците Христови се плод на несебичната љубов према ближниот. Тие се украс на неговата душа и дар од небото. Затоа животот во Бога е извор на вистинска радост и слава за која пее псалмопевецот Давид: “Дивен Бог во свјатих своих”. Наследеното богатство од своите родители тој го раздели на сиромаси и со тоа избриша солзи на многу сираци и вдовици и ги зарадува најбедните во родниот му град Патара, знаејќи дека со тоа стекнува вечно богатство кое “ни молец ни рѓа го упропастува” (Мат. 6,20). “Богатејќи се во Бога”, неговиот живот беше посветен во служба на бедните, онеправдените и угнетените што се гледа од неговото енергично застапување и ослободувањето на тројца затвореници кои беа неправедно осудени на смрт од градоначалникот. Со неговите милосрдни дела тој беше прочуен насекаде, иако сето тоа го вршеше нечујно и тајно, како би ја исполнил заповедта на ГИХ: “Да не знае твојата левица што прави десницата твоја” (Мат. 6,3).

Поради богоугодниот живот бил удостоен да биде избран од Бога за архиепископ на Мир во Ликија со глас од небото: “Никола, оди на подвиг во народот, ако сакаш да бидеш од мене вечен”. Избран по провидението Божјо, тој го води паството по спасителниот пат, го поучува, чува и духовно храни и подготвен е “душата да ја положи” за него како вистински пастир. Со својот живот бил светла ѕвезда во мрачната ноќ на човечката душа и сигурно пристаниште во бурното време на залутаните во немирното море на животот. Поради тоа, неговото присуство им носело на сите радост и утеха, мир и добра волја. Неговото лице светеше како сонце и паството го сметаше, уште во животот, за светец и го призиваше во молитвите за помош кога тој беше далеку од нив, и им помагаше.

Како архиепископ беше мудар, милостив, ревносен и неустрашив. Па затоа беше затворен за време на незнабожечките цареви и жестоки гонители на христијаните, Диоклецијан и Максимилијан. Исповедувајќи го неустрашиво словото Божјо, за него беа утеха и храброст зборовите на ГИХ да не се плашат Неговите следбеници кога ќе бидат во затвор заради неговото име, што ќе одговорат пред судот, зашто Духот Божји ќе говори за нив. Затоа тој и во затвор не престана да го поучува стадото да оди по патот на вистината и правдата Божја. Служејќи неуморно на Бога и повереното му паство се упокои во Господа Христа на 6 декември 343 година.

Свети Никола е вистински пример на вистински пастир, чија љубов кон ближниот е нешто примарно и свето, и основа за едно ново во кое луѓето ќе се третираат како синови Божји, а тоа значи ползување еднакви права на земните блага. Неговата самопрегорна служба на Господа Христа и малиот човек го издигна високо и го овенча со вечна слава. Делата на овој голем светител никогаш нема да згаснат. Тие вечно ќе живеат, затоа што се изградени на вечната евангелска вистина. Тие ќе служат на сите следбеници Христови како жив пример за правда и хуманист, секогаш и за секого.

Да се помолиме на св. Никола, духот на љубовта Христова, да завладее во нас и да бидеме удостоени да го следиме неговиот пат.

Кирко Велински

# Македонија ја победи Хрватска со 2:0

Македонската фудбалска репрезентација на 18 ноември 2007 на натпреварот на Градскиот стадион во Скопје ја совлада хрватската репрезентација со резултат 2:0. Благодарение на добро спроведената тактика на македонскиот селектор Сречко Катанец, ангажираноста на македонските фудбалери и головите на Горан Мазнов и Илчо Наумовски, пред полниот стадион и македонските навивачи како дополнителен мотив, македонската селекција издвојува победа.

МИА

# СПОРТСКИ ДВОБОЈ НА СКОПСКИТЕ И ЗАГРЕПСКИТЕ РАКОМЕТАРИ

Во рамките на Европската лига на ракометните прваци (ЕХФ), во Загреб, на 7 октомври 2007 година, на прв оглед се сретнаа ракометните екипи на “CROATIA OSIGURANJE” и скопски “ВАРДАР ПРО”.

Загрепските навивачи ја наполнија “Ледената спортска сала” со надеж во сигурна победа на загрепските ракометари. Но, на паркетот не беше така. Ракометарите на Вардар ПРО, потпомогнати со стотина свои навивачи покажаа дека во Загреб дојдоа на спортски натпревар, како и подготвеност и желба за победа. Нивната игра сé до 55-та минута на натпреварот ја покажа убавината на ракометот, со водство и до шест гола разлика. Натпреварот заврши со резултат 28:28, а разочараната публика сепак спортски ги поздрави скопските ракометари.

Вашиот известител, во името на Заедницата и списанието “Македонски глас”, упати честитки до раководството: Тони Лазаровски, член на Управата и тренерот Веселин Вујовиќ, а Лазаровски, расположен, ги изнесе своите впечатоци: “Натпреварот беше борбен, првенствен. Нашите ракометари ги реализираа замислите на тренерот. За нас овој бод претставува голем подстрек со успех да продолжиме во следните натпревари. Загреб е квалитетна и силна екипа.”

Во вториот натпревар во Скопје, ракометарите се сретна на 10 ноември 2007 година. Во спортскиот центар “Кале” со рекламата “CAPITOL CITY BOYS – KOMITI ZAPADA” и пораката “Почивај во мир ТОШЕ”, потпомогнати од верната публика, овојпат, скопските ракометари не можеа да им се спротивстават на разиграните Загрепчани. Во текот на целата средба покажаа ефикасна игра и голови. Победија со резултат 34:26. Скопската публика ги испрати со спортски поздрав.

М. П.



# Македонците ги напуштија Игрите на младите во Солун

Спортска делегација на Македонија составена од 133 спортисти, кои требаше да се натпреваруваат во шест спортови на “Игрите на младите во Југоисточна Европа”, кои се одржуваа од 15 до 21 октомври во Солун, во знак на протест во петокот ги напушти “Игрите на млади” поради тоа што организаторот не сакал во ниедна форма да го употреби името Македонија.

Како што изјави директорот на Агенцијата за млади и спорт (АМС), Ивица Георгиевски, уште во мај на состанок во Солун помеѓу организаторот и Спортската федерација на Македонија било договорено нашите спортисти на своите дресови да ја носат кратенката МКД или пак при најавување на репрезентацијата да се користи целосно референцата “Поранешна Југословенска Република Македонија”.

- Сто триесет и три спортисти поради несогласувањето за користење на целосната референца “ПЈРМ” или кратенката МКД, демонстративно ги напуштија олимписките игри на млади во Југоисточна Европа. Министерството за култура и спорт на Грција и федерацијата на спортови не го испочитуваа договорот, изјави директорот на АМС Ивица Георгиевски.

Според него до ваква промена дошло поради смената на заменикот-министер за култура и спорт на Грција, при што на македонската делегација и било понудено на дресовите да пишува или ФИРОМ или да остане празно. Тоа не било прифатено од страна на македонските спортисти, и тие до последен момент не знаеле дали ќе учествуваат на “Игрите на млади” во Солун.

На самото отворање од организаторот било потенцирано дека сепак ќе се користи долгата референца “Поранешна Југословенска Република Македонија”, а ќе се користат и дресовите со знакот МКД.

При најавувањето на македонската делегација тоа не било исполнето, но по реакцијата на Георгиевски, договорот се испочитувал.

Од започнувањето на “Игрите за млади” до 19 октомври македонските спортисти учествувале на сите натпревари, но во петокот 21 октомври 2007 на натпреварот по теквондо, официјалниот коментатор на натпреварот под никаков услов не сакал да го каже името Македонија, по што спортската делегација ги напуштила “Игрите на младите во Југоисточна Европа”.

- Нема да дозволиме понижување на овие млади македонски спортисти и тие во иднина секогаш ќе настапуваат со гордост и достоинство, презентирајќи ја Македонија на најдобар начин, изјави Георгиевски.

МИА

# ГУЖВА НА ГРАНКА






Интензивноста на издавачката дејност на Заедницата на Македонците во РХ е остварена со претставување на книгата за деца “ГУЖВА НА ГРАНКА” од младата писателка Наташа Ламбевска. Под покровителство на Градскиот уред за образование, култура и спорт за Град Загреб и на Советот за национални малцинства при Владата на РХ, приредбата се одржа на 30 ноември 2007-та во Центарот за млади “Рибњак”. Веселот жамор на децата од претшколска и школска возраст, во придружба нанивните родители, беше увертира во тоа што требаше да следи. Добредојде на публиката им посака Орце Ламбевски, потпретседател на МКД “Охридски бисер”, кој поздрави упати до Стојан Руменовски, Данчо Петровски, Никола Гроздановски, Кирко Велински, Горан Колески и Благој Штерјов, претставници на македонските институции во РХ. Никола Гроздановски упати поздрави и ја нагласи грижата за младата генерација од страна на Заедницата и Советот за национални малцинства при Владата на РХ.

“Момите бисерни” под водство на Рената Фирст, исполнија неколку македонски народни песни. И покрај тоа што македонскиот јазик за младата публика не е разбирлив, таа ги поздрави со голем аплауз.

Авторката Наташа Ламбевска, возбудена пред малите дечиња, се заблагодари на присутните, медиумите, особено на Советот за национални малцинства на РХ, на Заедницата и МКД “Охридски бисер” и на своите родители. Сите тие и помогнаа и и овозможија “Гужва на гранка” да се појави пред малите читатели. Големо изненадување беше кога авторката го претстави илустраторот на книгата Антони Пастуовиќ, ученик во прво одделение, кој уште како мал покажа посебен талент за цртање и одбран е да ја илустрира книгата.

Рецензија за книгата напиша проф. Марица Мотик, која рече: - Dramatični naslov knjige “Gužva na grani” govori o dječjim igrama. Iako ni dječji svjetovi prečesto nisu lišeni nezaobilaznih teških razočaranja ni poraza, na svu sreću, pravi umjetnici ni u svom odrastanju nikada ne izgube najvažnije životne dimenzije: dječju maštu, pozitivnost, ljubav, iskrenost pa ni optimizam. Čitajući ove tekstove, svako će dijete, na temelju vlastitih doživljaja, ako ne i svijesti o prozaičnoj životnoj stvarnosti, lako doživjeti zanimljive njemu bliske bravure. Razigrani pripovjedač poput znatiželjnog djeteta uvijek nastoji istaknuti ljepotu snova, dobrog srca i punog zanosa kroz liriku, etiku i dramu.

Во културниот дел од програмата учениците на драмско-рецитаторската група од 3-то одделение при ОУ “Вугровец” – Кашина, со музичка придружба ги изведоа едночинките “Танцот на лисјата”, “Купување кај лисицата” и “Што можат сто нозе”, под водство на Даворка Арбутина. Мал рецитал на песнички од објавената книга, преведени на македонски јазик од водителката Деспина Белчовска – Велинска, изведоа учениците од Училиштето за негување на македонски јазик и култура, при ОУ “Никола Тесла” – Загреб. Потоа, учениците од Работилницата за кукли “Мечта” при Куклениот театар за деца, ја одиграа приказната “Убавицата на морското дно”, под водство на Злата Ковач.

За децата на промоцијата беше подготвена и закуска, а најмногу и се израдуваа на големата торта која беше украсена со сликата од насловната страница на книгата.

М. Паризоски

# ВЕКОВНАТА УБАВИНА НА “СТАРАТА ДАМА”

***Овој град ве обзема со љубовта и архитектурата вткаена во неговите ѕидови. Кога Џемјс Џонс би знаел за неа, не би отишол малку понасевер за да го напише романот “Смрт во Венеција” Опатија е убава и во лето и во зима***

Опатија или Абазија, како што ја нарекуваа до почетокот на 20. век, е најмонденското летувалиште и лекувалиште на Јадранското море. Името Опатија потсетува на името на ружата, зошто е настанато од името Опатија на Св. Јаков, која, минувајќи бујно минато, останала во најубавиот парк на ружите. Првпат нејзиното име се спомнува во 1438 година, но почнува да се оформува дури кон крајот на 18. век. Светската слава не ја стекнала како место на самозатаена верничка, интелектуалност и ходочанските потраги за духовен мир, туку станала симбол на профинета убавина, врутоk на здравјето и световната живост. Сите туѓинци биле домаќини, а странците – туристи се чувствувале како во вистинска и интелектуална татковина, во амбиент кој ги бришел границите меѓу желбите и можностите, иако најголемиот број можности ги остварувале желбите, можните и неможните. Богатите и разгалени Европјани, здрави или болни, со години по ред доаѓаа во Опатија, а на располагање им се нудеа многу третмани кои и денес со задоволство би ги употребувале сегашните велнес центри.

Опатиската архитектура претставува знакови што ги читаме како отворена книга на времето во кое настанале и кои се порака која се одгонетнува како мала тајна на потребата да се биде во нејзините рамки. Опатија станала позната на крајот на 19. и почетокот на 20. век, со една единствена цел – туризмот, па затоа нејзината архитектура е од една страна континентална, а од друга, поврзана со стилот, претежно историска. Во тие рамки го препознаваме она по што овој град е посебен: романтиката (скоро како во бајките), необичноста и несекојдневноста.

Опатија или како што многумина вљубеници во неповторливиот шарм на нејзината стара средноевропска отменост ја нарекуваат “старата дама”, не е само “приказ” на велелепните паркови, шеталишта или интимата на удобните хотели и вили... туку е и многу жива урбана сцена со амбиенти, учесници и етосот на европскиот модернитет. Тука можете да го испиете најдоброто “виенско кафе” и да се засладите со оригиналната “захер”торта, доколку ја посетите “Кавана Вагнер”. И во другите кафулиња и ресторани можете да уживате во вкусни гастрономски задоволства и бидете услужени како вистински аристократи. Цените секако се разликуваат според внатрешната архитектура на објектите, но не се поголеми од оние што ги нуди хрватската претстолнина Загреб. Во Опатија има и неколку ноќни клубови, десетина европски казина, како и спортски кладилници. Во доменот на забавната музика Опатија беше и остана почеток, оној најискрениот, највозбудливиот, најубавиот и најотворениот, како првата вљубеност кога учиме да ги разоткриваме душата и телото. Првиот фестивал на лесни ноти – Опатискиот, се одржал во 1957 година, а и денес овде се одржуваат многу фестивали и манифестации на забавната, но и на сериозната музика.

Во Опатија живеат 13.000 луѓе. И околу 1.000 кучиња, чии сопственички се докони и богати стари дами. Кучињата имаат подобар третман и од луѓето, па можете да ги видите со кикички на главата и со прекрасни џемперчиња за да не им студи, зашто сепак се тие “морски пси”. Повеќето Опатијани се занимаваат со туризмот, а скоро 40-тина проценти од жителите се со двојни државјанства, а има и неколку десетици Македонци, како што е Гордана Крстевска. Таа овде живее веќе 35 години со својот сопруг Хрват Клаудио Доричиќ, но никогаш не го има земено неговото презиме и мајка е на две возрасни деца Софија и Александар. Сопственичка е на еден елитен бутик во центарот на Опатија, под името “Вајда”, каде можете да купите нешта и по 30 и по 1.000 евра. На педесеттина метри од нејзиниот бутик со својата фамилија работи и нејзиниот брат, кој е сопственик на еден познат ресторан под името “Слатина”, каде освен морски специјалитети можете да добиете и по некој од македонската позната кујна.

Особеностите на опатијската здравствено – туристичка понуда и денес ги пополнуваат уредените шеталишта: приморското Лунгомаре, долго 12 километри, кое го носи името на австроунгарскиот цар Франц Јозеф и шумскиот пат Кармен Силва, што го изградил еден романски крал откако се изгубил над Опатија, а го нарекол по името на својата жена романска кралица, која овде се шетала и пишувала песни. Заштитен знак на Опатија е “Нимфата со галеб”, која останала во наследство од времето на Австроунгарија. Иако денешната статуа е од понов период и дело на скулпторот Звонимир Цар, се има впечаток дека Мадоната, како што ја нарекуваат сега, отсекогаш била овде: морската пена дел е на сценариото на најзината исправена виталност и ведрата комуникација со брегот. Овде треба да се спомне и плочникот на ѕвездите каде, како на Беверли Хилс, се поставени ѕвездите на познати личности што претстојувале и создавале во Опатија. А ги имало многу: Џакомо Пучини, Пјетро Маскањи, Исидора Данкан, Антон Павлович Чехов, Јохан Штраус, Густав Малер, Иво Андриќ, Владимир Набуков, Владимир Назор, Иван Цанкар, Јоспи Броз Тито, по кого денес се нарекува главната улица во Опатија.

### ПРВ МУЗЕЈ НА ТУРИЗМОТ НА ХРВАТСКА

На 13 ноември 2007 (додека вашата главна уредничка престојуваше во Опатија) беше отворен првиот Музеј на туризмот во Хрватска. Во прекрасната Вила Анџолија и паркот на ружите, го отвори претседателот на Р.Х. Стјепан Месиќ, кој притоа рече: “Сум бил на Кипар на една карпа каде е родена Афродита од морската пена, а како што никој не одредува каде ќе биде роден така ни Афродита не го одлучи тоа. Но, ако морала да одлучува таа веројатно би се родила овде зошто тука е роден нашиот туризам“.

Поставката ја сочинуваат оригинални експонати од почетокот на 19. век, со кои Опатија завзема значајно место во Европа и пошироко во светот.







*Сандра Мартинчиќ*



*Јасна Дориќ – Станковиќ*



Јасна Дориќ – Станковиќ е директорка на Туристичката агенција во Опатија. Таа љубезно ни ги открива прецизните туристички податоци за овој дел на работ од Европа и почетокот на Балканот (што е сé уште жив, нели?).

- Сé уште не сме успеале да ги достигнеме рекордите што опатискиот туризам ги остваруваше пред 90-тите години, но мислам дека сме на вистинскиот пат. Во оваа 2007 година во првите 10 месеци сме оствариле 940.000 ноќевања, што е приближно на минатогодишниот рекорд од милион. Нашите капацитети се 6.500 кревети од кои 5.000 се во хотели со 4 и 5 ѕвездички, а другите се во приватното сместување, кое од година во година има сé подобри услови. Просечниот престој на туристите во Опатија е 3,5 дена, но нашиот туризам го базираме и на рекреативен, конгресен, здравствен, културен, спортски, регатен и гастрономски, за Опатија да биде посетена во текот на целата година.

Замислата за лекување со вода е прастара: уште старите Грци верувале во морските бањи како лековити, исто како во морската клима и сонцето како елементи што Хипократ ги опишал како благотворни и добри. Уште од крајот на 18. век, Опатија е препозната како таква лековита бања. Токму затоа најпознатиот рехабилитациски центар во Опатија, но и во Хрватска, наречен е "Thalassotherapija" (сместен во денешната Вила Дубрава поранешната Вила Сперанза, изградена и отворена во 1906-тата) каде се лекуваат болестите на срцето, белите дробови и ревматизмот, постои уште од втората половина на 19. век, а сегашниот е оформен во 1957 г. Имав можност на лице место да видам како пациентите кои пристигаа овде во инвалидски колички и на патерици за само неколку дена одат само со еден помошен бастум.

Зборот "Thalasso" потекнува од Грција и значи "море, вода". Болничката здравствена дејност опфаќа стационар – болница, амбулатнти, хотелот Вила Дубрава и Велнес центар изграден пред две години. За добивање место во овие простори се чека и по шест месеци, а во неговите најсовремено опремени простори работат 180 луѓе: доктори специјалисти (9), интернисти (13), неуролог, дерматолог, лабораториски техничари (10), физиотерапетути (36), медицински сестри (24) и хотелски персонал (50). За задачите и услугите што ги нуди Велнес центарот, чија изградба чинеше 52 милиони куни, разговаравме со неговата директорка Сандра Мартинчиќ.

- Велнес центарот во склопот на "Thalassotherapija" опфаќа медицински и козметички третмани, како: масажа, нега на лицето, солариум, педикура-маникура, четири вида сауни, базени со загреана солена вода и хидромасажери и фитнес студио, а тука се лекуваат болен грб, остеопороза, антиреуматски програми, специјални третмани за слабеење, програми за спортисти и менаџери. Воедно обавуваме и систематски програми, па кај нас доаѓаат многу фирми не само од Истра, туку и од Загреб. Цел ни е со овој наш центар да создадеме препознатлив бренд на пазарот. Зато и се трудиме да понудиме нешто што го немаат другите велнес центри, а воедно да ја протежираме и медицинската компонента на понудите. Цените, можам слободно да речам, се популарни, а често имаме и акции, како што е оваа за зимските месеци каде третман во Велнес центарот и два пансиони во Вила Дубрава за време на викендот чинат од 555,00 до 1.333,00 куни, во зависност од барањата на гостите.

Текст и фото:
Марина Апостоловска – Вујаклија

# TIKVEŠ
# Special Selection




## White Wines

**ROBIĆ** d.o.o.
UVOZ, IZVOZ, VELEPRODAJA I USLUGE

10410 VELIKA GORICA
Kolodvorska bb
CROATIA

Tel. + 385 (0) 1 6218 256, 6252 300
E-mail: robic@robic.hr
www.veletrgovina.com • www.robic.hr